**REPUBLIKA E MAQEDONISË**
**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**UNIVERSITETI “NËNË TEREZA” në SHKUP**
**УНИВЕРЗИТЕТ „МАЈКА ТЕРЕЗА“ СКОПЈЕ**

# B U L E T I N I
**I**
**UNIVERSITETIT “NËNË TEREZA” në SHKUP**

# Б И Л Т Е Н
**На**
**УНИВЕРЗИТЕТОТ „МАЈКА ТЕРЕЗА“ ВО СКОПЈЕ**

**Nr.5 / Бр.5**

**Shkup, 28nëntor 2017**
**Скопје, 28ноември 2017**

**Botim i Universitetit "Nënë Tereza" në Shkup**
**Издание на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје**

Redaktor i veprimtarisë botuese të UNT-së/ Уредник на издавачката дејност на УМТ:
Prof.dr.Azis Pollozhani, u.d. rekor

Redaktor i Buletinit / Уредник на Билтенот:
Prof.dr. Mustafa Ibrahimi

Këshilli redaktues i Buletinit / Уредувачкиот одбор на Билтенот:
Prof. dr. Rizvan Sulejmani
Prof. dr. Zoran Trifunov
Prof.dr. Mustafa Ibrahimi

## PËRMBAJTJA / СОДРЖИНА

### FAKULTETI I SHKENCAVE SOCIALE / ФАКУЛТЕТ ЗА СОЦИЈАЛНИ НАУКИ

1. Реферат за избор на **Доцент** од наставно – научна област*Друго (50403)*на студиската програма Спорт и спортски науки на Факултетот за социјални науки
   **(Д-р Бејтула Емини)**.........................................................................................6-11

2. Реферат за избор на **Доцент** од наставно – научна област ***Јавна Управа*** **(50901*)*** на студиската програма Јавна администрација на Факултетот за социјални науки
   **(Д-р Аргтим Салиу )**.........................................................................................12-22

3. За избор на **редовен професор** од наставно – научна област ***Социологија (51100), Социологија на масовни комуникации и информации (51122), Социологија на култура*** **(51110),** на Факултетот за социјални науки.
   **(Проф. Д-р Сунај Раими)**...................................................................................23-33

4. Реферат за избор на наставник во наставно-научно звање **Доцент** за научната област ***Политика на поединечни активности струки и специјалности*** (50708) на Факултетот за социјални науки
   **(Д-р Александар Петковски)**.............................................................................34-44

### FAKULTETI I SHKENCAVE TEKNIKE /ФАКУЛТЕТ ЗА ТЕХНИЧКИ НАУКИ

1. Реферат за избор **на асистент – докторант** во наставно – научната област ***Планирање*** **(21101)** на Факултетот за технички науки.
   **(М-р Аљбина Муча)**..........................................................................................46-49

2. За избор на **асистент – докторант** во наставно – научната област ***сообраќајно инженерство и проектирање*** (22012) на Факултетот за технички науки.
   **(М-р Јован Христоски).**.....................................................................................50-54

3. За избор на наставник во сите наставно – научни звања во наставно – научната област***економетрија*** **(50322) и** ***банкарство*** **(50321)**на Факултетот за технички науки.
   **(Д-рЗана Беќири Љума)**......................................................................................55-62

4. За избор на наставник во наставно – научно звање во наставно – научната област***Планирање*** **(21101),** ***Автоматика*** **(21422) и** ***Регулациона техника*** **(21423)** на Факултетот за технички науки.
   **(Д-р Солза Грчева**...........................................................................................63-77

**FAKULTETI I SHKENCAVE INFORMATIKE / ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИНАУКИ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа на ***Вештачка интелегенција и системи***на Факултетот за информатички науки
**(Д-р Александар Димовски)**..........................................................................80-83

**FAKULTETI I NDËRTIMTARISË DHE ARKITEKTURËS / ФАКУЛТЕТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И АРХИТЕКТУРА**

1. Referat për zgjedhjen e një **asistenti - doktoranti** në fushën mësimore - shkencore***Planifikimi urbanistik dhe projektimi hapësinor*** (20114) në Fakultetin e Ndërtimtarisë dhe Arkitekturës
**(Mr. Adelina Fejza)**............................................................................................................86-90

**2.** Referat për zgjedhjen e një **asistenti - doktoranti** në fushën mësimore – shkencore***Fizikë*****(10300)**në Fakultetin e Ndërtimtarisë dhe Arkitekturës
**(Mr. Arta Veliu)**...............................................................................................................91-93

**3.** Referat për zgjedhjen e një**docenti** në fushën ***Planifikimi urbanistik dhe projektimi hapësinor (20114)***në Fakultetin e Ndërtimtarisë dhe Arkitekturës
**(*Dr. Radmila Tomovska*)**.................................................................................................94-106

# FAKULTETI I SHKENCAVE SOCIALE /

# ФАКУЛТЕТ ЗА СОЦИЈАЛНИ НАУКИ

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ОД НАСТАВНО – НАУЧНА ОБЛАСТ *ДРУГО (50403)*НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА СОЦИЈАЛНИ НАУКИОБЈАВЕНО ВО ВЕСНИЦИТЕ "НОВА МАКЕДОНИЈА" И "КОХА" НА 15.11.2017 ГОДИНА И НА ВЕБ СТРАНИЦАТА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за Социјални Науки на студиската програма: Спорт и спортски науки на Универзитет "Мајка Тереза" - Скопје, од 24.11.2017 година, а во врска со распишаниот Конкурс за избор на наставници во сите наставно научни звања и соработници на Универзитетот „Мајка Тереза" во Скопје во периодот од 15.11.2017 година објавен на Веб Страната на Универзитетот**www.unt.edu.mk**и весниците „Нова Македонија„ и „Коха„:и врз основа на одлуката на Ректорската Управа за формирање на Рецензентска комисија (одлука бр.23-401/1), формирана е комисија во состав на:

1. **Вон. Проф. Д-р Блерим Саити** - Факултет за Физичко образование, Спорт и здравје на Универзитетот "Мајка Тереза"– Скопје.
2. **Проф. Д-р Зоран Радиќ** - Факултет за Физичко образование, Спорт и здравје на УКИМ - Скопје
3. **Проф. Д-р Жарко Костовски** -Факултет за Физичко образование, Спорт и здравје на УКИМ - Скопје

Врз основа на поднесените документи од страна на кандидатите, Рецензентскатакомисија го доставува следниот извештај:

**РЕЦЕНЗЕНТСКИ ИЗВЕШТАЈ**

На објавениот конкурс се пријавија двајца кандидати и тоа:

1. Д-р сци. Бејтула Емини
2. М-р сци. Даниела Велјаноска

### I. Д-р Бејтула Емини

Кандидатот Д-р Бејтула Емини, е роден на 08.10.1975 во Кичево, Р. Македонија, државјанин на Р. Македонија, по националност Албанец со место на живеење општина Кичево. Во учебната 1982/90 завршил Основно образование во ОУ "Маршал Тито" с. Премка, Кичево. Средно образование завршил во гимназијата"Кирил Пејчиновиќ" Тетово во учебните години 1990/94. Од 1997/01 година студирал на Високиот Институт за

Физичко образование и Спорт "Војо Куши" Тирана, Р.Албанија каде и се здобил со звање Наставник по Физичко образование и професионалист по атлетика со среден просек9.00.

Од 1997/01 бил член на атлетскиот клуб „STUDENTI„ во Тирана каде што се натпреварувал на спринтерските дисциплини на 100, 200 и 400м, постигнал одлични резултати а посебно на дисциплината од 100м со резултат 10.97сек.

Во истата година го продолжува образованието на специјалистичките студии **Физио-кинезио-терапија и масажа** на Високиот Институт за Физичко образование и Спорт "Војо Куши" Тирана, Р. Албанија и го завршил со просек 10.00.

Магистрирал во 2009 година на Академијата за Физичко воспитание и спорт "Војо Куши" Тирана, Р. Албанија на тема: „ ***Perparesite e mesimit rekreativ në moshën e adoleshencës***„ со просечен успех од студиите 8.00.

Докторирал во 2015 година на Факултетот за Физичка Култура наУниверзитетот"Св. Кирил и Методиј*"*, во Скопје на тема**:** "***Влијанието на базичниот и специфичниот моторен простор врз дициплини од атлетцкиот петтобој кај ученици од 17 годишна возраст".***

ПРО- А - ЛИЦЕНЦА за одбојка. 2001/17 година склучува професионален договор со Одбојкарскиот Клуб ШУТОВА со кој клуб постигнал да биде државен шампион на Македонија 2015/16.

2011/17 - Претседател на Сојуз за училишен спорт во општина Кичево.

Кандидатот ги исполнува условите според објавениот конкурс, за избор во наставно научно звање односно се стекнал со научно звање доктор на науки. Врз основа на точка 3 од конкурсот за избор на наставно - научно звање доцент, кандидатот го исполнува критериумот за просечна оцена 8.00. Од увидот на приложената документација комисијата утврди дека кандидатот имал солидна спортска и тренерска кариера. Од истата приложена документација комисијата го утврди работното искуство на кандидатот бидејќи работи во СОУ "Мирко Милески" и "Дрита" во Кичево. Од приложената документација на кандидатот може да се утврди дека кандидатот има богат научен опус прикажан преку над 10-те трудови објвени во меѓународни и национални списанија.

## II. ОБРАЗОВАНИЕ

2015 – докторски студии, тема: влијанието на базичниот и специфичниот моторен простор врз дициплини од атлетскиот петтобој кај ученици од 17 годишна возраст", Факултет за Физичка култура, Спорт и Здравје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј„„Скопје.

2009 – магистерски студии, тема: „ ***Përparësitë e mesimit rekreativ në moshën e adoleshencës",*** Академија за Физичко Воспитание и Спорт "Војо Куши" Тирана, Р. Албанија.

2001 – додипломски студии, Академија за Физичко Воспитание и Спорт "Војо Куши" Тирана, Р. Албанија.

**III. Научно истражувачки трудови**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2010 | Sofia, Bulgaria | "Family and social environment as additional factors that influence the physical activity of students" | 5-th International Scientific Congress "Sport, Stress, Adaptation" 2010 – Olympic Sport and Sport for All, I part |
| 2010 | Sofia, Bulgaria | "Analysis of the interest of the secondary school students about the physical activity and the classes of physical education" | 5-th International scientific congress "Sport, Stress, Adaptation" 2010 – Olympic Sport and Sport for All, I part |
| 2010 | Pitesti, Romania | "The option of the teachers to reform physical education curriculum and its implementation in practice" | Scientific report series physical education and sport. Nr 14 (1/2010), ISSN: 1453 - 1194 |
| 2010 | Pitesti, Romania | "Impact of sports program to some extra motoric dimensions – boys of age 15-16" | Scientific report series physical education and sport. Nr 14 (1/2010), ISSN: 1453 - 1194 |
| 2012 | Sofia , Bulgaria | "Impact of sports program to some extra anthropometric and motor dimensions on girls 15-16 years old" | XVI International Scie-ntific Congress " Oly-mpic Sports and Sport for All"<br>VI International Scie-ntific Congress " Sport, Stress, Adaptation", Sport & Science Extra issue, 2912, I part |
| 2010 | Sofia, Bulgaria | "The needs of further changes of teaching in sport and sports activity" | 5-th International scientific congress "Sport, Stress, Adaptation" 2010 – Olympic Sport and Sport for All, I part |
| 2010 | Sofia, Bulgaria | "Thoughts, attitudes and interests of pupils that realize additional | 5-th International scientific congress |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | program in sport and sports activity” | “Sport, Stress, Adaptation” 2010 – Olympic Sport and Sport for All, I part |

**IV. Учество на научни конференции**

| | | |
|---|---|---|
| 2001 | Академија за Физичко Воспитание и Спорт “Bojo Куши” Тирана, Р. Албанија | Физио-кинезио-терапија и масажа |
| 2001 | Comite International Olympique | La Course de la journee olympique |
| 2002 | Јазичен центар Интермедиа – Школа за странски јазици | Програма: Themen Neu 1 – Lektion 1-8 |
| 2003 | Јазичен центар Интермедиа – Школа за странски јазици | Програма: Themen Neu 1 – Lektion 8-15 |
| 2003 | Одбојкарска Федерација на Македонија | ПРО-“А” Лиценца |
| 2007 | Министерство за Образование и Наука<br>Проект за модернизација на образованието | Технологија на Информатика и Комуникација |
| 2007 | Министерство за Образование и Наука - USAID | Интерактивна наставна методологија |
| 2010 | Federation of the sports pedagogues of the Republic of Macedonia | 14-th Symposium for sport and physical education of youth |
| 2010 | National Sports Academy – Vasil Levski, Bulgaria | 5-th International scientific congress “Sport, Stress, Adaptation – Olympic Sport and Sport for All” |
| 2010 | Romanian Ministry of Education, Research, Youth and Sport<br>University of Pitesti<br>Faculty Of Physical Education and Sport | 3-rd Annual International Conference “Physical Education, Sports and Health” |

| | | |
|---|---|---|
| 2011 | Минстерсво за Одбрана на Република Македонија | ДИПЛОМА, за освоено Прво место во Одбојка |
| 2012 | USAID- ОСУ Дрита - Кичево | Проект за стандардизирано оценување на учениците |
| 2012 | National Sports Academy – Vasil Levski, Bulgaria | XVI International Scientific Congress “ Olympic Sports and Sport for All”<br>VI International Scientific Congress “ Sport, Stress, Adaptation” |
| 2013 | University Of Shkodra “ Luigj Gurakuqi”<br>The Faculty of Education Sciences | The 1-st International Conference on “ Research and Education – Challenges Towards the Future” ICRAE 2013 |
| 2014 | Факултет за Физичко Образование, Спорт и Здравје – Скопје<br>Агенција за Млади и Спорт на Р, Македонија<br>Биро за развој на образованието на Р, Македонија | Континуирано усовршување на наставниците по физичко образование, основа за професионално напредување |
| 2014 | Универзитет Св„Кирил и Методиј„<br>Факултет за Физичко Образование, Спорт и Здравје – Скопје | 1-st International Scientific Conference “ Research in Physical Education, Sport and Health” |
| 2016 | Одбојкарска Федерација на Македонија | Државен првак во машка сениорска категорија. |
| 2016 | Одбојкарска Федерација на Македонија | КУП на Македонија- Првак во машка сениорска категорија. |

1. **Мр. сци. Даниела Велјаноска**

Кандидатката М-р сци. Даниела Велјаноска, родена на 14.08.1983, Р. Македонија со место на живеење, ул. Јане Сандански 85/1/1 Скопје. Во учебната 2012 година кандидатката се здобила со звање магистар по Нутриционизам на Текничкиот и Технолошкиот Факултет во Велес, Р. Македонија.

Кадидатката не ги исполнува условите наведни во конкурсот.

**М И С Л Е Њ Е  И  П Р Е Д Л О Г**

Врз основана на погоре наведените констатации, рецензиската комисија е со став дека кандидатот **Д-р сци. Бејтула Емини**, ги исполнува условите за избор во наставно - научно звање, предвидени со конкурсот за избор на еден извршител на студиската програма Спорт и Спортски Науки на Универзитетот „Мајка Тереза„ -Скопје. Земајќиго во предвид неговото работно искуство, научниот опус, комисијата му предлага на Наставно-Научниот совет на Факултетот за Социјални Науки на Универзитетот „Мајка Тереза„ -Скопје, **Д-р сци. Бејтула Емини** да биде избран во наставно – научно звање **Доцент** од обласа Друго (50403 од Класификацијата на научно - истражувачките подрачја, полиња и области според Фраскатиевата класификација).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

**1).Вон.Проф.Д-р Блерим Саити– Претседател** ________________________

**2). Проф.Д-р Зоран Радиќ– член** ________________________

**3).Проф.Д-р Жарко Костовски – член** ________________________

***Скопје , 24.11.2017 година.***

# РЕФЕРАТ

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО НАУЧНА ОБЛАСТ, *ЈАВНА УПРАВА* (50901) СПОРЕД КЛАСИФИКАЦИЈАТА НА ФРАСКАТИ) ОБЈАВЕНИ ВО ВЕСНИЦИТЕ "НОВА МАКЕДОНИЈА" И "КОХА" НА 15.11.2017 ГОДИНА И НА ВЕБ СТРАНИЦАТА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ** (http://unt.edu.mk).

Врз основа на одлуката на Наставно-Научниот Совет на Факултетот за Социјални Науки (од 24.11.2017 год.) на Универзитетот "Мајка Тереза" – Скопје, а во врска со објавувањето на конкурсот за еден наставник во наставно-научно звање „Доцент" од научно-образовна област: *Јавна Управа* (50901 од класифицирањето на областите и научно-истражувачките свери според класифицирањето на фраскати) објавен во весниците "Нова Македонија" и "Коха"и на web- страницата на Универзитетот: **www.unt.edu.mk**од15.11.2017 година, и врз основа на одлуката на Ректорската Управа за формирање на рецензиската комисија (одлука бр.23-401/1), формирана е комисија во состав на:

1. Проф. Д-р Фадил Зендели – претседател
2. Проф. Д-р Јетон Шасивари – член
3. Доц. Д-р Енвер Абдулаи – член.

Комисијата за рецензија констатираше дека на конкурсот се јавиле пет кандидати и тоа: Д-р Аргтим Салиу, М-р Фарије Јашари, Д-р Емануела Есмерова, Доц. Д-р Џемазие Ибраими, Доц. Д-р Јана Илиева и Д-р Валентина Анѓелкоска.

По разгледувањето на доставената документација од страна на горенаведените кандидати за наставник во наставно звање „Доцент" од научно-образовната област: Јавна Управа, Комисијата за рецензија на Ректорксата управа "Мајка Тереза" – Скопје, го приложува следниов извештај:

## ИЗВЕШТАЈ

Главните биографски податоци на Д-р Аргтим Салиу:

Д-р Аргтим Салиу е роден во Скопје на 07.06.1988 година, Основно и Средно образование завршил во Скопје. Д-р Аргтим Салиу додипломските студии ги запишал во академската година 2007/08 на Факултетот за Јавна Администрација и Политички Науки на Универзитетот на Југоисточна Европа – Тетово, отсек Јавна и Општа Администрација А дипломирал на 30.06.2010 година. Магистерските студии ги запишал во 2010 година на научна област Јавна Администрација на Факултетот за Јавна Администрација и

Политички Науки на Универзитетот на Југоисточна Европа – Тетово. Магистерскиот труд на тема "Административните услуги во Собранието на Рапублика Македонија – со споредбени аспекти со Парламентот на Кралството Норвешка", успешно ја одбранилна ден 26.12.2012 година со тоа што го добива научното звање "Магистер од областа на Јавната Администрација". Третиот степен докторски студии ги запишува во 2013 година, и успешно ги завршува на 14.09.2017 година на Правниот Факултет "Јустиниан Први" – Скопје на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" – Скопје. Научното звање "доктор на политички науки и јавна администрација" го освои со успешната одбрана на докторската дисертација на тема: "Механизами контрола врз регулаторните органи во Република Македонија" на 14.09.2017 година (Одлука бр: 03-1200/6).

Во 2010 год. се вработил како агент за продажба и маркетинг во Телефонската компанија ОНЕ во Скопје. Додека неговото менаџерско искуство го продолжува како агент на бизнис продажба на ProCredit Bank во Скопје. Во 2014 година е во редовен работен однос како секретар на Факултетот за Исламски Науки во Скопје.Врз основа на доставената документација може да се констатира дека кандидатот добро го познава англискиот јазик, за кое и постои доказ (сертификат за познавање на англиски јазик). Истотака тој е одличен познавач на македонскиот јазик и го познава и турскиот јазик. Д-р Аргтим Салиу има познавање, компетенции и способности врз технологијата – IT, за потребите во контекст на професионалните активности. Д-р Аргтим Салиу своето искуство, способностите по аналитика и истражување ги докажал во релевантните институции, како: Konrad Adenauer Stifftung, Институтот за Демократија и Лидершип, Институтот М6 – Скопје, ИРИ, Академија на Науки и Уметности на РМ, Институтот "Гани Боби" – Приштина, School of Public Policy Mother Tereza – Skopjeи др.

**Наставно-образовна дејност**

Во периодот после запишувањето на студиите по докторатура, Д-р Аргтим Салиу има остварено настовно-образовна дејност во првиот и вториот циклус на студии на Факултетот за Јавна Администрација и Политички Науки на УЈИЕ – Тетово, каде што остварил клиничка настава како надворешен експерт по предметите: Јавна Компаративна Администрација, Правна Администрација и Јавни Политики за време на акадмеската година 2014/2015. Со студентите имал редовни консултации во врска со семинарските работи, практичната работа и програмските содржини по предметите по кои бил ангажиран. Во 2016 година бил ангажиран во подготовката на Елаборатот за акредитација на новата студиска програма по Јавна Администрација и Менаџирање со Човечки Ресурси во рамките на Факултетот за Социјални Науки на Универзитетот "Мајка Тереза" – Скопје.

**Научно-истражувачка дејност**

Во областа на научно-истражувачката дејност, Д-р Аргтим Салиу бил автор и на научни дела презентирани на конференции и симпозиуми во земјата и надвор од неа:

1. Салиу, А., Али М. (2013), Односите меѓу Турција и Албанија во почетокот на 2000-та година. Меѓународно Научно Списание “Diskutime“, бр. 8. Тетово: Arbëria Designe, www.diskutime.org

2. Салиу, А. (2015), Дигитализацијата на парламентарните служби го олеснува остварувањето на моделот Пратеникот-Е – Ад-хок студирање во Собранието на Р. Македонија. Меѓународно научно списание “Diskutime“, бр.17. Тетово. www.diskutime.org

3. Салиу, А., (2015)., Предизвиците и актуелните проблеми во реформирањето на Јавната Администрација во Република Македонија. Списанието Реформа, бр. 2, Гњилане. www.isld-ks.com

4. Салиу, А., (2015)., Македонија наспроти реформите на администрацијата – Стратегија за реформи 1999 – 2010. Меѓународно научно списание “Diskutime“, бр. 18. Тетово. www.diskutime.org

5. Салиу, А., (2016)., Challenges and actual problems in reforming the public administration in Republic of Macedonia. Academic Journal of Business, Administration, Law and Social Sciences, бр. 2. Тирана. http://iipccl.org

6. Салиу, А., (2016)., Парламентарна администрација во функција на имиџот на пратениците – прилика за студирање во Собранието на Република Македонија. Спасанието “Реформа“, бр. 3, Гњилане,www.isld-ks.com

7. Салиу, А., (2016)., The legal status of the committee for relations with religious groups and communities in the Republic of Macedonia. 2-nd International congress on economics and business “New Economic Trends and Business Opportunities”, Сараево. www.ius.edu.ba

8. Салиу, А., (2016)., Правниот статус на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи во Република Македонија. Збирка на исламски интердисциплинарни дела, бр. 1. ФИН – Скопје. www.fshi.edu.mk/revistashkencore

9. Салиу, А., (2016)., Одредувањето на поимот, статусот и улогата на регулаторните органи во системот на организирање на власта во Република Македонија. Списанието “Реформа“, бр. 4. Гњилане. www.isld-ks.com

10. Салиу, А., (2016)., Организирањето и соработката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи со Верски заедници и државни органи на Република Македонија. Списанието “Justicia“ на Правниот Факултет на Универзитетот во Тетово. бр. 4. Тетово. www.unite.edu.mk

11. Салиу, А., Мустафи М. (2017). Notion and status of independent regulatory agencies in the Republic of Macedonia. 3th international congress on economics and business “New Economic Trends and Business Opportunities”. Нови Сад, Србија.

12. Салиу, А., Сулејмани Ш. (2017). "Исламски верски курсеви". Албански Институт за Исламско Размислување и Цивилизација (АИТЦ). Бр. 4. Тирана. www.aiitc.net

Врз основа на научните трудови кои се објавени во Република Македонија и надвор од неа, може да заклучиме дека Д-р Аргтим Салиу е успешено научен истражувач, кој

перманентно е фокусиран на актуелни прашања од областа на јавната администрација и политичките науки во рамките на научно-наставната област.

Покрај објавувањето на стручните и научните трудови, кандидатот бил член на организациони комисии и одбори, на конференции и одредени дебати: Конференции: “Македонија од независноста до сега – 2015“, “Мој пратеник – годишен извештај на Собранието на РМ – 2015“, како и на неколку тркалезни маси и научни дебати организирани од Факултетот за Исламски Науки – Скопје.

Разгледувајќи ја целокупната научна дејност на Д-р Аргтим Салиу, јасно се гледа дека неговото истражување и интересирање е фукусирано на актуелните проблеми од областа на јавната администрација, политичките науки и јавните политики.

Може да се констатира дека Д-р Аргтим Салиу, што се однесува до научно-истражувачката дејност, има освоено 33 поени а со тоа го надминал минималниот број на поени потребни за избор во наставното звање „Доцент“од научно-образовната дејност, администрација и јавни услуги. Во врска со барањето за објавување на најмалку два научно-истражувачки трудови од соодветни области во меѓународно научни публикации, Комисијата заклучи дека кандидатот ги исполнува условите.

**Стручна-применета дејност**

За академската година 2014/2015 и 2015/2016, Д-р Аргтим Салиу бил делумно ангажиран во академскиот процес на Факултетот за Јавна Администрација и Политички Науки на УЈИЕ – Тетово, предава настава по предметот: Вовед во Јавна Администрација, Правна Администрација и Вовед во Јавни Политики.

Исто така, Д-р Аргтим Салиу учствувал во работата на многу комисии и други стручни активности на Факултетот за Исламска Наука – Скопје. Член на комисијата на самоевалуирање на ФИН; член на процесот на подготвување на елаборати за акредитација на постојните програми и новите студиски програми во ФИН – Скопје, како: Методика за предавање на веронаука, акредитиран со Решение од Советот за Акредитација за Високо Образование на РМ бр.12-43/2 од 27.12.2016 година. Програма за Исламски Студии, акредитиран со Решение од Советот за Акредитација за Високо Образование на РМ бр. 12-23/3 од 01.04.2015 година. Програма од втор степен на магистратура: Напредни Иисламски Студии.

Комисијата констатира дека Д-р Аргтим Салиу во рамките на стручноприменета дејност, има освоено вкупно 13 поени а со тоа неколку пати го надминал минималниот број на поени кои се неопходни за избор за наставното звање „Доцент“според овој критериум.

Истотака, комисијата констатира дека Д-р Аргтим Салиу, во рамките на дејноста од поширок интерес, има освоено 3 поени а со тоа го надминал минималниот број на поени, кои се неопходни за избор за наставното звање „Доцент“според овој критериум.

2. **М-р Фарије Јашари**

М-р. Фарије Јашари е родена на 13.03.1988 година во Куманово. Дипломирала на Правниот Факултет во ДУТ – Тетово. На истиот Факултет и Универзитет магистрирала Правни Науки.

Од 2009 до 2011 година работела како асистент на Факултетот за Бизнис Администрација на дисперзираните студии на ДУТ во Куманово.

М-р. Фарије Јашари го владее добро англискиот јазик и има познавање со компјутерски вештини.

3. **Д-рЕмануела Есмерова**

Д-р. Емануела Есмерова е родена на 03.08.1976 година во Скопје. Дипломиран економист, отсек:Финансии и банкарство на УниверзитетотСв. Кирил и Методиј" - Скопје, Економски факултет (1995-2000). На истиот Факултет и Универзитет магистрирала и докториралаЕкономски Науки.

Д-р Емануела Есмерова од странски јазици познава: англиски, германски, српски и хрватски. Исто така има и познавања на компјутерски вештини.

Кандидатката има работно искуство во Средното Економско училиште во Скопје – "Арсени Јовков" како професор по економски предмети, и моментално работи како советник во Секторот за Национални Сметки во Државниот завод за статистика на РМ.

4. **Доц. Д-р Џемазие Ибраими:**

Доц. Д-р Џемазие Ибраими од Тетово, дипломирала на Правниот Факултет "Јустинијан Први – Скопје", на Универзитетот Св. Кирил и Методиј – Скопје, во 2000-та година. На истиот Факултет и Универзитет магистрирала во 2007 година. Третиот циклус на студии ги завршила на Правниот Факултет на Универзитетот „Хасан Приштина„ - Приштина, на отсекот Административно Право во 2013-та година.

Кандидатката од 2008 до 2009 година, работела како асистент на Правниот Факултет на ДУТ – Тетово. Од 2014-та година работи како професор на Факултетот за Јавна Администрација наAAB COLLEGE, Урошевац, Република Косово.

Д-р Џемазие Ибраими како странски јазици ги познава: англискиот, македонскиот и српскиот јазик. Исто така има и познавања на компјутерски вештини.

**5. Доц. Д-рЈана Илиева**

Доц. Д-р Јана Илиева е родена на 29.8.1980 година. Дипломирала Правни Науки на Правиот Факултет „Јустинијан Први" – Скопје на Универзитет Св. „Кирил и Методиј" Скопје во 2003 година. На истиот Факултет и Универзитет магистрирала Меѓународно Право (2004 – 2011 год) и докторирала Правни н Нуки на отсек Меѓународно Право во 2012 година.

Во2014 година Доц. Д-р Јана Илиева работела како Продекан за настава (Факултет за Менаџмент на Човечки Ресурси) и Еразмус координатор на Универзитетот за Туризам и Менаџмент – Скопје.

Од април 2008 – Ноември 2015 година работела како Доцент, Генерален Секретар и Еразмус Координатор на МИТ Универзитетот – Скопје.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Од она што се потенцираше до сега, може да се констатира дека Д-р Аргтим Салиу има остварено богато научно-истражувачко и професионално-применета дејност, како и солидни наставно-образовни постигнувања во областа на едукацијата на кадри за Албански јазик.

Врз основа на горе презентираниот преглед на активностите во наставно-образовната дејност, научно-истражувачката и професионално-применетата, Рецензентската Комисија констатира дека се исполнети барањата од Законот за Високо Образование за избор на звање, затоа имаме чест и задоволство на Ректорската Управа на Универзитетот "Мајка Тереза" – Скопје, да им го предложиме кандидатот Д-р Аргтим Салиу за избор на звање Доцент во научно-образовната дејност: Јавна Управа.

Скопје, 24.11. 2017 год.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

1. Проф. Д-р Фадил Зендели, претседател

___________________________________

2. Проф. Д-рЈетон Шасивари, член

___________________________________

3. Доц. Д-р Енвер Абдулаи, член

___________________________________

**ПРИЛОГ**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗБОР НА ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ВО НАУЧНА – НАУЧНА ОБЛАСТЈАВНА УПРАВА**

Кандидатот: Д-р Аргтим Салиу
Институцијата: Факултет за Социјални Науки, наУниверзитетот "Мајка Тереза" - Скопје
Научна област: Јавна Управа

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Бр.** | | **Поени** |
|---|---|---|
| | **Првиот циклус на студии** | |
| 1 | Предавања- Вовед во јавна администрација<br>*Вовед во Јавна Администрација (2+2) (1*семестар, 2 часа во неделата, 8недели). | 1.28 |
| 2 | Предавања- Вовед во Јавна Администрација | 2.4 |

| | | |
|---|---|---|
| | *Вовед во Јавна Администрација (2+2) (*2 семестри, 2 часа во неделата, 15 недели). | |
| 3 | Предавања- Административно право<br>*Вовед во Јавна Администрација (2+2) (*2 семестри, 2 часа во неделата, 15 недели). | 2.4 |
| 4 | Предавања- Јавни политики<br>*Вовед во Јавна Администрација (2+2) (*2 семестри, 2 часа во неделата, 15 недели). | 2.4 |
| Други активности | | |
| 1 | Консултација со студентите, Јавна администрација: 2 семестра, 42 студенти (4 x 42 x 0.002). | 0.17 |
| **Вкупно** | | **8.65** |

## НАУЧНО - ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 2 | Салиу, А., Али, М. (2013)., Односите меѓу Турција и Албанија во почетокот на 2000-та година. Научно меѓународно списание Diskutime, Бр. 8. Тетово: Arbëria Designe., www.diskutime.org | 3 |
| 3 | Салиу, А. (2015)., Дигитализација на парламентарните служби го олеснува практикувањето на моделот Пратеник-Е – Случајна студија во Собранието на Р. Македонија. Научно меѓународно списание Diskutime, Бр. 17. Тетово. www.diskutime.org | 3 |
| 4 | Салиу, А., (2015)., Предизвиците и актуелните проблемите во реформирањето на Јавната Администрација во Република Македонија. Списанието Реформа, бр. 2. Гњилане.www.isld-ks.com | 3 |
| 5 | Салиу, А., (2015)., Македонија наспроти Реформите во Администрација- Стратегија за Реформи 1999 – 2010. Меѓународно научно списание Diskutime, Бр. 18. Тетово. www.diskutime.org | 3 |
| 6 | Салиу, А., (2016)., Challenges and actual problems in reforming the public administration in Republic of Macedonia. Academic Journal of Business, Administration, Law and Social Sciences, Nr. 2. Tirana. http://iipccl.org | 3 |
| 7 | Салиу, А., (2016)., Парламентарна администрација во функција на имиџот на пратениците – случајна студија во Собранието на Република Македонија. Списанието Реформа, Бр. 3. Гњилане. www.isld-ks.com | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 8 | Салиу, А., (2016)., The legal status of the committee for relations with religious groups and communities in the Republic of Macedonia. 2-nd International congress on economics and business “New Economic Trends and Business Opportunities”, Сарајево. www.ius.edu.ba | 3 |
| 9 | Салиу, А., (2016)., Правниот статус на Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи во Република Македонија. Збир на интердисциплинарни исламски трудови,Бр. 1. ФИН – Скопје. www.fshi.edu.mk/revistashkencore | 3 |
| 10 | Салиу, А., (2016)., Определувањето на поимот, статусот и улогата на регулаторните органи во системот на организирањето на власта во Република Македонија. Списанието Реформа, Бр. 4. Гњилане. www.isld-ks.com | 3 |
| 11 | Салиу, А., (2016)., Организирање и соработка на Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи со Верските заедници и државните органи во Република Македонија. Списанието Justicia на Правниот Факултет на Тетовскиот Универзитет. Бр. 4. Тетово. www.unite.edu.mk | 3 |
| 12 | Салиу, А., Мустафи М. (2017). Notion and status of independent regulatory agencies in the Republic of Macedonia. 3th international congress on economics and business “New Economic Trends and Business Opportunities”. Нови Сад, Србија. | 3 |
| **Вкупно**: | | **33** |

## ПРОФЕСИОНАЛНО - АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| | Назив на активноста | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Член на Уредничкиот совет на научното интердисциплинарно исламско списание“Збирка на трудови“ на Факултетот за Исламски Науки – Скопје. Бр. 1, год. 2016. Скопје. (http://www.fshi.edu.mk/revistashkencore/) | 1 |
| 2 | Уметнички уредники дизајнер:Право на наследство во исламскиот шеријат. Автор: Доц. Д-р Шабан Сулејмани. Алма – Скопје, 2016. | 1 |
| 3 | Член на Комисијата за подготвување на Елаборатот за акредитација на програмата Методика на предавање на веронаука на Факултетот за Исламски Науки – Скопје, акредитиран со Решение од Советот за акредитација на високото образование РМ бр. 12-43/2 од 27.12.2016 | 1 |
| 4 | Член на Комисијата за подготовката на Елаборатот за акредитација на програмата Исламски Студии на Факултетот за Исламски Науки – Скопје, акредитиран со Решение од Советот за акредитација на високото образование на РМ бр. 12-23/3 од 01.04.2015. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 5 | Член на Комисијата за подготовка на Елаборатот за акредитација на програмата Јавна Администрација и Менаџирање со хуманите ресурси на Факултетот за Социјални Науки – Скопје, акредитиран со Решение од Советот за акредитација на високото образование на РМ од 29.05.2017. | 1 |
| 6 | Член на Комисијата за развој на дескриптори за студиските програми: Програма на втор степен за магистратура: Исламски Студии, Програма на втор степен на магистратура: Исламски напредни студии. | 3 |
| 7 | Член на Комисијата за подготовка на разни Правилници за студирање, функционирањето на органите на факултетот, за трансферирање на студентите и др. | 3 |
| 8 | Учество на промотивни активности на Факултетот за Исламски Науки - Скопје (2 х 0,5). | 1 |
| 9 | Истражување за довербата и политичкото одредување на Албанците во Македонија, Институтот Ган Боби – Приштина, 2008.<br>(1 истражување во Македонијах1). | 1 |
| 10 | Член на Комисијата за издавачка дејност на Факултетот за Исламски Науки - Скопје. | 0,5 |
| 12 | Член на Комисијата за запишувањее на студентите на Факултетот за Исламски Науки – Скопје. | 1 |
| 13 | Член на Комисијата на Факултетот за Исламски Науки – Скопје, самоволонтирање. | 0.5 |
| 16 | Член на Комисијата за организација на конкурсите за прием на студенти на Факултетот за Исламски Науки – Скопје. | 0.5 |
| 17 | Член на Комисијата за прием на студенти во вториот циклус на студирање на Факултетот за Исламските Науки – Скопје. (1х0.5) | 0.5 |
| **Вкупно:** | | **16** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР НА ЗВАЊЕ ИНОРДИНАРЕН ПРОФЕСОР** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **8.65** |
| **НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **33** |
| **ПРОФЕСИОНАЛНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **16** |
| **Вкупно:** | **52.65** |

Скопје, 24.11.2017 год.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

1. **Проф. Д-р Фадил Зендели,**(претседател)

___________________________________

2. **Проф. Д-р Јетон Шасивари,** (член)

___________________________________

3. **Доц. Д-р Енвер Абдулаи,** (член)

___________________________________

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ОД НАСТАВНО – НАУЧНА ОБЛАСТ СОЦИОЛОГИЈА (51100), СОЦИОЛОГИЈА НА МАСОВНИ КОМУНИКАЦИИ И ИНФОРМАЦИИ (51122), СОЦИОЛОГИЈА НА КУЛТУРА (51110), НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА СОЦИЈАЛНИ НАУКИ.

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за Социјални Науки на студиска програма: Спорт и спортски науки при Универзитет "Мајка Тереза" - Скопје, од 24.11.2017,а во врска со распишаниот Конкурс за избор на наставници во сите наставно научни звања и соработници (асистенти докторанти) на Универзитетот „Мајка Тереза" во Скопје во периодот од 15.11.2017 година објавен на Веб Страната на Универзитетот **www.unt.edu.mk** и весниците „Нова Македонија„ и „Коха„ и врз основа на одлуката на Ректорската Управа за формирање наРецензентска комисија (одлука бр.23-401/1), формирана е комисија во состав на:

1. **Проф.Д-р. ХасанЈашари** (претседател) - редовен професор на Факултетот за Јавна Администрација и Политички науки,ЈИЕУ, Тетово.
2. **Проф.Д-р Зоран Матевски** (член) - редовен професор на Филозофскиот факултет на Универзитетот Св.Кирил и Методиј, Скопје.
3. **Проф.Д-р. Мустафа Ибрахими** (член) - редовен професор на Факултетот за Социјални науки, на Универзитетот„Мајка Тереза" во Скопје.

Врз основа на доставените документи од страна на кандидатите рецензентската комисија го доставува следниот извештај:

### РЕЦЕНЗЕНТСКИ ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс се пријавија шест кандидати и тоа:

1. Д-р. Марјан Младеновски
2. Д-р. Лубица Топузоска
3. Д-р. Садик Емроја
4. Д-р Сашо Огненосвки
5. М-р Викторија Трајков
6. Д-р Сунај Раими

**1. Марјан Младеновски** е роден на 14.08.1997 во Куманово, РМ.Додипломските студии ги заврши на Институтот за Социјална Работа на Филозофскиот факултет на УКИМ со просек 9,19 со што стекна назив Дипломиран социјален работник.Постдипломските студии ги истотака ги заврши во периодот од 2001-2005 година на Институтот за Социјологија на УКИМ, со просек 9,00.

Во 2009-та година се запишува на докторски студии на European center for peace and Development university for Peace established by the United Nations и истите ги завршува во 2011 година со што и стекнува звање Доктор на социолошки науки.

**Работно искуство**

Од октомври 2003 до декември 2004 година е ангажиран во граѓанското општество, НВО Даја како Раководител на канцеларијата за Социјално-правна помош.

Од 2005 до 2010 годинаПрограмски менаџер

Изработка на предлог проекти; подготовка на стратешки, акциони и оперативни програми и планови за реализација на проектните активности; подготовка на буџети, анализи, описни и финансиски извештаи; изработка на организациски акти и правилници, менаџирање со човекови ресурси; организација и реализација на семинари итн.

НВО Даја, Иво Лола Рибар бр.46 Куманово

Граѓанско општество (Роми, малцински групи), Јануари 2011-јуни 2011

Проект менаџер

Реализација на циклус предавања, изработка на извештаи

Флоренс Најтингејл, Симо Погачаревиќ бр.20 Куманово

Граѓанско општество (семејно насилство)

Мај 2012 - Јуни 2014

Универзитетски професор (Доцент), Раководител на Катедрата за Родови Студии (Социологија и род)

Реализација на предавања, консултации и испити по предмети од социолошко-родовата сфера, раководење на Катедрата за Родови Студии

Универзитет „Евро-Балкан“, Институт за Општествени и Хуманистички Студии

Септември 2012 -

Универзитетски професор (Доцент(2012-2017), Вонреден професор (2017-)

Реализација на предавања, консултации и испити по предметите: менаџмент (2012-2016), општествено-економско опкружување (2013-), организациска психологија (2013-2017), лидерство и етика (2017-) и бизнис етика (2017-).

**ПВПУ „EurocollegeОбука (Конференции, трибини, работилници)**

***Учество на меѓународни конференции:***

1. Ss. Cyril & Methodius University in Skopje, Faculty of Philosophy& University of Belgrade - “**The Balkans between East and West: old and/or new security challenges**” (05.09.2017.-07.09.2017)
2. MIT University - **“New directions and challenges in transforming societies through a multidisciplinary approach”** (05.06.2017-06.06.2017)

3. University of Belgrade - **13th International May Conference on Strategic Management** – IMKSM2017 (19.05.2017-21.05.2017)
4. MIT University - „**Global challenges and opportunities - future perspectives of developing countries**" (20.05.2016-21.05.2016)
5. University of Belgrade**- 11th International May Conference on Strategic Management**(29.05.2015-31.05.2015)
6. Institute for knowledge management -**Knowledge - capital of the future**(27.11.2014-30.11.2014)
7. BAS Institute of management - **Contemporary management challenges and the organizational sciences** (24.10.2014-25.10.2014)
8. Institute for knowledge management - **New knowledge for the new people** (21.05.2014-23.05.2014)
9. Center for culture and cultural studies - **Culture memory** (05.09.2013-07.09.2013)
10. Corporative International Slavic University G.R. Derzavin Sveti Nikole-Tambov - **International dialogue: East - West** (19.04.2013-20.04.2013)
11. ECPD, UN University for peace - **New Balkans in a changing world with a changing Europe** (19.10.2012-20.10.2012)
12. University of tourism and management -**International Congress of tourism and management "The challenges and perspectives of the tourism and management**(26.09.2009-27.09.2009)
13. IOM - **Trafficking in Macedonia and Kosovo** 24.04.2007

***Учество на семинари/тренинзи:***

1. OSCE & МЦМС **Раководење со проектен циклус** (едногодишен курс, сертификат) реализиран низ 10 повеќедневни обуки: Раководење со проектен циклус (1 и 2 фаза); Буџетирање; Формулација на проекти; Проценка на проекти; Мониторинг и евалуација; Градење на коалиции и мрежи; Раководење со Човечки Ресурси; Административно работење; Односи со Јавноста. 24.02.2007-13.12.2007
2. UNDP & WORLD BANK & Институт за социјална работа и социјална политика - **Идентификување на социјални проблеми и соработка со Локална Самоуправа** (сертификат) 13.12.2005-16.12.2005
3. Justicia en Pax (Netherlands) - **BasicGender & gender meinstreaming** 28.08.2008 - 31.08.2008
4. NOVIB (Netherlands)- **Training of trainers** 04.09.2008-07.09.2008
5. МЦЕО & СОРОС - **Пишување на ефективни документи за јавни политики** 18.11.2008-20.11.2008
6. Open society Institute (Hungary) - **Policy Advocacy** 02.07.2009-03.07.2009

Shelter Center & UN WOMEN & BGRF (Bulgaria) - **Strategic litigation** 27.10.2011 ", Факултет за бизнис администрација

7. -28.10.2011
8. Civic initiatives (Srbija) - **Projektnimenadžment (Od ideje do akcije)**14.02.2004; 11.06.2004-13.06.2004
9. Civic initiatives (Srbija) - **Građanska participacija** 15.02.2006-17.02.2006
10. Civic initiatives (Srbija) - **Pregovaranje, zastupanje i lobiranje** 12.11.2005 - 14.11.2005
11. Civic initiatives (Srbija) -**Upravljanje ljudskim resursima** 01.04.2005-03.04.2005
12. АРКА - (Конференција) **Ромска Декада** 08.04.2005
13. UNDP - (Конференција) **Намалување на сиромаштија** 21.03.2007

14. DEM Net (Hungary) & ЦИРА- **Аплицирање до фондовите на ЕУ** 24.02.2005-26.02.2005
15. МЦМС - **Мобилизација на ресурси** 08.06.2009-10.06.2009
16. МЦМС - **Финансиски менаџмент** 27.06.2005-30.06.2005
17. МЦМС - **Стратешко планирање** 10.05.2005-13.05.2005
18. Институт за социолошки и политичко-правни истражувања- **НВО и ЕУ фондови** 20.05.2006
19. Здружение за среќно детство –**Датабаза за борба против трговија со луѓе** 11.02.2005-13.02.2005
20. АРКА - **НВО и евроинтеграции** 11.05.2006-13.05.2006
21. Daja - Циклус семинари: **Сензибилизација на наставниците со проблемите на Ромите во основното образование** (1, 2 и 3) 11.05.2006-13.05.2006, 12.05.2007-14.05.2007 и 09.09.2007-11.09.2007
22. Daja - **Сензибилизација на социјалните работници со проблемите на Ромите во социјалната заштита** (20.09.2006-22.09.2006)
23. CRPM - **Повеќе нега во примарното здравство - повеќе центри за нега во заедниците** (15.10.2009-16.10.2009)
24. UNDP - **Родовна сензибилизација во одбраната** (21.10.2009-22.10.2009)
25. Technical Assistance for Civil Society Organisations (TACSO) - **Strong partnerships for sustainable NGO's** (06.05.2010)
26. Daja - **Public relationships (PR strategy)** (05.07.2010-07.07.2010)
27. MCIC - **Transparency and public law legislation** (07.10.2010)
28. Poraka Nasha & Shans (Bulgaria)- **Possibilities for cooperation** (03.11.2011-04.11.2011)
29. Клуб на жени пратенички - **Демократијата и родовата еднаквост** (14.09.2012)

Swiss Agency for Development and Cooperation -**Participatory research and analysis** (18.05.2016

**2. Лубица Топузоска**

Образование

Во 1999 завршува со додипломските студии на Филозофскиот Факултет на УКИМ, со што се стекнува со звање Дипломиран педагог.Во 1999 година започнува со постдипломските студии на Филозофскиот факултет на УКИм, и ги завршува со просек 9.75 во 2002 година и стекнува звање Магистер на филозофсски науки. 2002-2006 ги завршува и третиот циклус на студии на Филозофскиот факултет, УКИМ.

Работно Искуство

2000- професор во основно училиште Владо Тасевски, Скопје

2002- Демонстратор, Филозофски Факултет, УКИМ

2016- Доцент, Универзитет Евро Балкан- Скопје

Конференции и предавања

2017-Меѓународна конферецијa- Runway world, luiqid modernity and reshaping of cultural identities, heritage, economy, tourism and media, Institue for Socio-cultural Antropologyof Macedonia, Ohrid

2016-Презентер на труд на меѓународна конферецијa- Ethics case study: Providing care to transiting migrants and refugees in Macedonia- terrorism, migrations, refugees-conterporary challenges to cultural heritage and identities , economy tourism and media
2015- Меѓународна конференција- Challenges of contemporary society, institute for sociological, political and juridical research. Ss Cyril and Methodius University in Skopje
2007-Координатор на интердисциплинска конференција – Етиката како модерна наука, Ректорат на УКИМ, Скопје, Македонија
2005-2006 Коордниатор и предавач Денови на француска филозофија, Француски Културен, Скопје
2005- Рецензент и промотор-етичко образование
Кандидатката има освоено и многу други награди и има учествувано на обуки и семинари.

**3. Садик Емроја**

Роден на 10.10.1960 во с. Дрогомиште-Кичево. Основното училиште го заврши во родниот крај, а гимназијата во Зеф Луш Марку- Скопје. Додипломските студии ги завршува на Филозофскиот Факултет, насока Филозофија-Социологија на Универзитетот во Приштина.
Постдипломските студии ги продолжува на Филозофскиот Факултет на Универзитетот во Загреб но заради политичките тензични ситуации се трансферира на УКИМ и со успех ја одбрани магистерската тема: Улогата на напишаните медиуми за религијата во РМ и се стекнува со звање Магистер на социолошки науки.
Третиот циклус на студии ги завршува на УКИМ, 2015. Со што се стекнува со звање Д-р на социолошки науки.
**Работно Искуство**
2009- Правен факулет на ДУТ, Депаратамент Новирасто
2000-2007 Министерство за Социјална Политика, Кичево
1993-2000 Главен Уредник на ТВ Гура, Кичево
Трудови

1. Европски едукативни вредности и организиран мобилитет, Списаније Дитурија,2009 бр 3-4
2. Улогата на напишаните медиуми во Ревитализацијата на религијата во Р.М
3. Глобализиацијата и општествените процеси, Дут, 2013
4. The mediatization of social life, Јустиција, Март 2014

Истотака има објавено и две научни книги како и една монографија

**4. Д-р. Сашо Огненовски**

Роден е во Битола 1964. Во 1987 дипломира на факултетот за Драмски уметности во Скопје, на отсекот за Драмски актери. Во 2002 година магистрира на Институтот за

Социолошки и Полтичко-Правни истражувања во Скопје на отсекот за Комуникации и Медиуми на правниот факултет „ Јустинијан Први “ во Скопје.
Работел како актер во Народниот театер во Битола и како стручен соработник на Педагошкиот факултет во Битола.Кандидатот Сашо Огненовски исто така бил и Професор на Славјанскиот Универзитет. Напишал повеќе од 50 трудови од областа на комуникологијата и учествувал на низа конференции и симпозиуми.
Награди и признанија
Сертификат-2007, Academic training association, ISUM 2007, ко-Професор со професор Д-р Бони Принс, Атина, Охајо, Сад
Сертификат-2006, Academic training association, Воркшоп посветен на Болоњскиот процес
Научни трудови
Огненовски Сашо, Придонесот на Д-р Томе Саздов во развојот и афирмацијата на научната мисла во Битола, Филолошки факултет, Универзитет Св Кирил и Методиј, Скопје, Македонија, Ноември, 2004.
Огненовски Сашо, Невербалната комуникација кај Ромите ( Мимики, Гести, Пантомимички игри ) Духовната и материјалната култура на ромите во Македонија, конференција на институтот за Фолклор, Скопје, Македонија 2014
Огненовски Сашо, Свадбата на Мара и нејзиниот политички развод, симпозиум Македонската драматургија, МТф „ Војдан Чернодрнински Прилеп, Македонија мај 2000
ТВ проекти
Серија за деца Јас Знам за 5, Сценарист и режисер, ТЕРА ТВ, БИТОЛА, 2004
Серија за деца, Мојот Споменар, Сценарист и режисер, ТЕРА ТВ, Битола,2004
Документарна Серија, Македонски занаети, ТЕРА ТВ, Битола 2003
Документарна Серија, Македонски митови и легенди, ТЕРА ТВ, 2003

5. **М-р Викторија Трајков**

Во 2008 ги завршува додипломските студии по филологија во универзитетот ФОН, и се стекнува со назив Дипломиран професор по англиски и шпански.
Во 2009 кандидатката го усовршува шпанскиот јазик во Lexis Escuela во Малага.
Кандидатката Викторија во 2011 има положено и државен дипломатски испит.
Во 2011 ги завршува и магистерските студии во Факултетот за туризам и менаџмент во Скопје.
Работно искуство
2000-2007 новинар во ТВ Орбис
2006-2008 Медиа Планер, Тв Орбис
2008-2009 Специјалист за Маркетинг
2008-2009 Професор по англиски и шпански јазик во Јазичниот центар SKY, Скопје

Кандидатката работи како Соработник за публикации во Директоратот за аналитика и јавна дипломатија, МНР на РМ
Има објавено неколку трудови и има следено и семинари и обуку

**6. Д-р Сунај Раими**

**Биографски податоци и наставно-научна дејност**

Сунај Раими е роден на 07.03.1966 во Куманово. Основното и средно образование завршил во родното место со одличен успех. Студиите ги започнал и завршил на Универзитетот во Приштина, на Филозофскиот Факултет, Отсек Филозофија - Социологија, каде што дипломирал во 1990 година. Од 1992 година до 2004 година работел во неколку средни училишта во Куманово и Липково, како иво Гимназијата "Гоце Делчев", Економското училиште "Моша Пијаде" како и Училиште за Стручно Образование. Во времето кога работел како Професор во средните училишта, предавал по предметите Социологија, Филозофија, Логика, и Урбана Култура. После неколку годишното работење во средните училишта како Професор, Каде што успева да стекне едно мошне богато професорско искуство, Сунај Раими го продолжува неговото образование на повисоките институци за професионално надградување.

Во 1995 година тој ги запишува Магистерските студии на Институтот по Филозофија, на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, и ги завршува успешно. Научната титула "Магистер по Филозофски науки" ја добил на 26.05.2000, на тема "Филозофските основи на морално-воспитната улога на музиката во Античка Грција". Во текот на академската година 1999-2000 Сунај Раими се ангажираи предава на Универзитетот во Тетово, по предметите Општа Социологија, Социологија на Култура и Филозофија на Уметност. Од 2001–2002 година Сунај Раими ги следи Докторските студии на Универзитетот во Тирана на Факултетот за Социјални Науки, отсек Социологија. На 23.09.2005 успешно ја одбрани Докторската Дисертација на тема "Полидимензионалните социокултурни функции на музиката во Античка Грција, споредено со елементи на Албанскиот фолклор", при што се стекна со научно звање "Доктор на Социолошки науки". Д-р Сунај Раими досега работел како Редовен Професор на Државниот Универзитет во Тетово, Филозофски факултет, група Социологија. Во пошироката академска и научна јавност, тој е познат како продуктивен научен работник и трудољубив наставник. Неговите книги и студии, денес се познати катедретаза Општествените науки и пошироко.

**Главните квалификации и интересот за научна област**

- Наставник со искуство повеќе од 14 години во средните училишта, но и со работен стаж од 15 години како предавач на неколку Универзитети (ДУТ, ЈИЕУ, ИЛИРИА, УБТ, ААБ).
- Одлично ги познава наставните методи и техники како и ораторските вештини.
- Важи за солиден познавач на Општата Социологија, Социологија на Култура, Социолошките Теории, Социологија на музиката, како и на културно-уметничките прашања на денешницата.
- За неговото професионално интересирање како предавач се однесува особено на темите: Вовед во Социологија, Социолошки теории, Социологија на култура и уметност како и Социјалните функции на медиумите.
- Проф.Д-р. Сунај Раими бил Координатор и учесник во многу проекти и трибини од провиниенцијата на Социјалните и Филозофски науки.

- Соработува со неколку научни списанија и разни дневни и периодични весници, каде што се третираат проблеми од јавен и професионален интерес. Освен со наука, Проф. Др. Сунај Раими активно се занимава и со музика, поезија, етнологија, екологија идр.

**Обучувања, Семинари и Проекти**

Бил учесник во многу Меѓународни семинари, обуки и work shop-ови, за кои што поседува уверенија и признанија, кои можа т да се видат и во неговото досие, на пр:

1. Меѓународен наставно-образовен проект“Преодна Година”, Подготовка на матуранти за Високо образование,Куманово, организиран од CENTO, Данска, 1997-2003.
2. Меѓународна обука“Интерактивно креативно учење”, Работилници и Семинари од Фондацијата SOROS, Охрид, 2003.
3. Национален Проект “Креативна настава со учење“, Обука за наставници, организирана од ОБСЕ, Скопје, 2005.
4. Меѓународен Проект “Од читање и пишување, до критика и мислење”, Наставно-образовни обуки за Професори, организиран од USAID, Охрид, 2007.
5. РегионаленСеминар “Спроведување на Болоњскиот Процес во Универзитетите од земјите на Балканот“, Скопје, 2007.
6. Меѓународна Конференција, “Влијанието на модерните и културните кови во Етнографијата на албанскиот народ“, Скопје, 2009.
7. Меѓународен Семинар “Одлучувањето на жената во локалната политика“, Поградец, Албанија, 2010.
8. МеѓународенСеминар, “Античкитереликтивоалбанскатамузичкакултура“, Скопје, 2011.

Проф. Др. СунајРаимибилипродолжувадабидеактивенучесник вомногутесоциолошки, филозофски, културолошки, етнолошки, поетскиси мпозиуми и трибини. Освен албанскиот јазик, одлично ги познава македонскиот и српско-хрватскиот јазик, додека турскиот и англискиот јазик за научни потреби.

**Професионално искуство**

Додека работел како Професор во Гимназија и Економското училиште (1992-2004), Сунај Раими вршел задача како Координатор по предметите Социологија, Фиилозофија, Логика и Психологија.Во академската2002-2003 година тој бил Декан на Факултетот за Драмски Уметности на Тетовскиот Универзитет, и ги предавал предметите Социологија на Култура и Општа Социологија и Филозофија на Уметност. Академската година 2003-2004, кога ја предводеше иницијативата за основање на Катедрата по Социологија во тогашниот Тетовски Универзитет (сега Државен Универзитет во Тетово), па до 2014 година, Др.Сунај Раими бил Шеф на Студиската програма по Социологија. Академската година 2004-2017, ги застапува предметите Вовед во Социологија I и II, Класични и Современи Социолошки Теории, Социологија на Култура и Уметност како и Социологија на Музика.Од 2001-2005 година предавал на ЈИЕУ (Штул) по предметите Вовед во Комуникација, Општествен ред и Стратификација, Социјалните функции на медиумите и Социологија на Rock’n’roll-от. Досега, во додипломските студии бил Ментор на повеќе од 50 Кандидати, додека во Постдипломски студии на 8 Кандидати.Во академската година 2008-2015 бил ангажиран на Универзитетот Илириа, Р. Косово, како надворешен научен соработник, предавал

Социологија и Етика по Бизнис.Во академската година 2014-2015 бил ангажиран на Универзитетот за Бизнис и Технологија (УБТ), Р. Косово, како надворешен научен соработник, предавал Политичка Социологија.Во академската година 2015-2016 бил ангажиран на Универзитетот ААБ, Р. Косово, како надворешен научен соработник, за предметите Социологија со Антропологија и Социологија на образование (Бачелор), како и Споредување на Социјалните Системи (Мастер).

**Објавени Книги и Научни публикации**

1. Тестамент, (2015), Уметничко- поетска збирка, Графотекс, Куманово.
2. Вовед во Социологија, (2014), Универзитетски учебник, Графотекс, Куманово.
3. Социолошки Делкања, (2014), Социолошка студија, Графотекс, Куманово.
4. Социологија на Култура и Уметност, (2012), Универзитетски учебник, Графотекс, Куманово.
5. Социологија, (2009), Универзитетски учебник, Државен Универзитет - Тетово, Коста Абрас, Охрид.
6. Лекции по Социологија на Култура, (2006) Универзитетски учебник, Графотекс, Куманово.
7. Социо-културните функции на музиката во Антиката, (2005), Монографија, Социолошка Студија, Интердисконт, Скопје.
8. Метафизичка книга, (2003),Филозофска-поетска збирка, Графотекс, Куманово.
9. Идентитетот на Rock’n’roll,(1997),Социолошка-културолошка студија, Графотекс, Куманово.

***Брошури, Скрипти и Диспенци:***

Социолошка брошура (2002); 2.Филозофска брошура (2002); 3.Рурална Социологија (2008); 4.Етика по Бизнис (2015); 5.Анализа и интерпретирање на текст (2013); 6.Етика и општествена одговорност (2013); 7.Системи на јавно информирање, (2009); 8.Антропологија на култура (2014); 9.Социологија на политика (2016).

**Научни трудови и публикации:**

1.”Disa faktorë më të rëndësishëm që ndikojnë në ngritjen e vetëdijes ekologjike në kushtet e vetëqeverisjes lokale”, Revista Acta Lingua Geographica, Shkup, 2007.

2. “Roli shoqëror i muzikës në Athinë dhe Spartë”, Revista shkencore Seminar Albanologjik e USHT-së, Albas, Tetovë, 2007.

3.”Rrënjët antike në kulturën muzikore shqiptare”, Revista Idest, Albas, Tetovë, 2008.

4.”Zvetnimi i oratorisë tradicionale në të jetuarit bashkëkohor të shqiptarëve”, Revista shkencore Seminar Albanologjik e USHT-së, Albas, Tetovë, 2009.

5. “A flet sot shqip etnografia e trevave lindore shqiptare”, Revista shkencore Seminar Albanologjik e USHT-së, Albas, Tetovë, 2010.

6.”Universiteti Shtetëror i Tetovës dhe sfidat e Procesit të Bolonjës”, Revista shkencore ‘Lente Sociologjike’, Tiranë, 2011.

7. “Reliktet antike në kulturën muzikore shqiptare“, Revista Balkan Studies III, Cyril and Methodius University, Shkup, Vol 3, 2011.

8.“Toponimia e qytetit të Kumanovës dhe disa fshatrave shqiptare përreth”, Revista shkencore Seminar Albanologjik e USHT-së, Tetovë, 2011.

9. “Organizimi strukturor dhe politika arsimore e USHT-së në dritën e sfidave bashkëkohore”, Revistë Shkencore për Studime Shoqërore, Tiranë, 2011.
10. “Perceptimi sociologjik i hapsirës urbane në qytetin e Kumanovës”, Fakulteti i Shkencave Sociale, Universiteti i Tiranës, 2012;
11. “Shqyrtim kritik mbi fenomenin e daltonizmit terminologjik të shqiptarëve”, Revista shkencore Seminar Albanologjik e USHT-së, Shkup, 2012.
12. “Kultura e tolerancës ndërfetare tek shqiptarët: Rasti Gjergj Elez Alia,, Revistë nga Konferenca Shkencore Ballkanike, mbajtur në USHT, 2012.
13.”Kiçi dhe implikimet e tij në traditën muzikore shqiptare”, Albanologjia, Vol.1, Nr.1-2. Nëntor, Tetovë, 2013;
14. “Kriza në familje apo familja në krizë?!”, Revistë shkencore e Universitetit të Tiranës, Tiranë, 2013.
15. “The identity of Macedonian Albanians and the New Religious Movements”, botuar në “Revista de Stiinte Politice”, me indeksim ndërkomb, No.40, 2013 (dhe në wwwscolar.google), University of Krayov, Romania, 2013.
17. “Can the Ancient understanding of Music assist in the Contemporary Socio-cultural life?”, Anglisticum, Revistë shkencore me indexim ndërkombëtar, Shkup, 2014.
18.”Socio-Economic Barriers, Cause for Expansion of Deviant Acts in Society-Case of Macedonia”, Copernikus, Poland, Vol.4, No.3-4, & International Journal Anglisticum (me indexim ndërkombëtar), April, 2015.
19.“Kundërthëniet prind-adoleshent në familjet shqiptare të rrethit të Tetovës, nga tradita në bashkëkohësi”, Philosophica, Revistë e F.Filozofik në USHT, Vo.2, No. 3-4, Tetovë, 2015.
20.“Metaphysical Dialog between Philosophy and Music in Ancient Greece”, Anglisticum, A Multidisciplinary Research Journal, Volum 5, Number 3, 2016, (impact 6,88).
21. “Vrasjet dhe (tentim)vetëvrasjet në Kumanovë-Sindromi Afgan“, Revista Lente Sociologjike, Universiteti i Tiranës, Tiranë, 2016.

**Членување во стручни органи:**

1. Член на Социолошкиот Институт, (IS) Тирана, од 2009 год.
2. Член на Албанско Социолошко Друштво, (SHSSH), од 2013 год.
3. Член на Едиторијалниот Совет на Научното Списание “Iliria International Review”, Приштина, Р. Косово,од 2014-2015.
4. Член на Едиторијалниот Совет на Научното Списание “Lente Sociologjike“,Тирана, Р. Албанија, од 2011.
5. Претседател на Рецензентска Комисија по предметот “Општество“ во Р. Македонија, 2009-2010.
6. Претседател на Комисија за концепирање на наставната програма по Социологија за додипломски студии на ДУТ, 2004-2005.
7. Член на Комисија за концепирање на наставната програма по Социологија за постипломски студии на ДУТ, 2008-2009.
8. Член на Државен Одбор за Државна Матура за 2009-2010.
9. Член на Издавачка Редакција на едно периодично Списание за наука и култура “Дорунтина“, кое се печати веќе 10 години во Куманово.
10. Потпреседател на Клубот на писатели “Јехона е Карадакут“од Куманово.
11. Член на Прерседалство на КУД “Бајрам Шабани“, Куманово, од 2011.

**Професионални способности и други вештини**

Длабоки и опширни познавања од конкретните области на Социологијата; Спроведување на наставните техники со креативен и интерактивен дух; Солидно познавање на научните методи и техники за истражување; Солидно искуство во реализација на воспитно-едукативниот процес (25 год); Користење на Програмите Microsoft Office, Exell, Power Point; Користење на Графоскоп и други аудио-визуелни помагала. Сунај Раими е познат коавтор на забавната музика (поп-рок) во сите албански простори и пошироко, каде што со неговото 25 годишно искуство на музичката естрада, успеал да создаде повеќе од 40 авторски композиции со оригинален текст, музика и аранжман, издадени во четири музички албуми (ЦД). Тој умее да свири и на неколку музички инструменти како гитара, чифтелија, усна хармоника и тапани.Сунај Раими учествува и на многу концерти, фестивали и разни уметнички евенименти во Македонија и надвор од неа, како во својство на уметник, така и во својство на член на Стручното жири или пак Организациониот Одбор.Освен професионалните ангажмани како Професор, Сунај Раими се обидува да го даде својот интелектуален и уметнички придонес и во сферата на уметничката, естетичката и културолошката критика, каде што постигнал значителни резултати, за што докажуваат и разните Признанија и Пофалби кои тој ги поседува.

**М И С Л Е Њ Е   И   П Р Е Д Л О Г**

Според горенаведените професионални, педагошки и научни достигнувања истакнати во овој Реферат, Рецензентската Комисија е потполно убедена и смета дека кандидатот Др. Сунај Раими ги исполнува сите професионални и научни критериуми за избор во Наставно-Научното звање предвидено со Конкурсот за избор на еден Наставник на Студиската програма Социјална Политика и Социјална Работа на “Универзитетот Мајка Тереза” - Скопје.

Имајќи го во предвид неговото работно искуство, богатиот научен опус и неговиот избор по звањето Редовен Професор во 2016 год, Комисијата има чест и задоволство на Наставно-Научниот Совет на Факултетот за Социјални Науки при “Универзитетот Мајка Тереза”- Скопје да им го предложи **Проф. Д-р Сунај Раими** да биде избран во наставно-научно звање **РЕДОВЕН ПРОФЕСОР**од областа: Социологија (51100), Социологија на масовни комуникации и информации (51122), Социологија на Култура (51110), од Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Фраскатиева класификација.

**Рецензентска Комисија:**

1. Проф.Д-р ХасанЈашари (претседател) -------------------------------------------------
2. Проф.Д-р Зоран Матевски (член)    ------------------------------------------------------
3. Проф.Д-р Мустафа Ибрахими (член) -------------------------------------------------

Скопје, 24.11. 2017 год.

**РЕФЕРАТ**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПОЛИТИКА НА ПОЕДИНЕЧНИ АКТИВНОСТИ СТРУКИ И СПЕЦИЈАЛНОСТИ (50708), НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА СОЦИЈАЛНИ НАУКИ.**

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за социјални науки при Универзитетот „Мајка Тереза“ - Скопје, од 24.11.2017, а во врска со распишаниот Конкурс за избор на наставници во наставно-научни звања и соработници објавен на Веб Страната на Универзитетот **www.unt.edu.mk** и весниците „Нова Македонија„ и „Кохаод15.11.2017 година, на седницата одржана на ден 24.11.2017 година донесе одлука со која се формира Рецензентска комисија во состав на:

1. **Д-р Иван Бимбиловски**, редовен професор **претседател,**
2. **Д-р Абдула Азизи,** вонреден професор **член,**и
3. **Д-р Дитурије Исмаили,** доцент**член.**

Комисијата за рецензија констатираше дека на конкурсот за избор на доцент од наставно – научна област друго - проектен менаџмент на Факултетот за Социјални Науки се пријавиле три кандидати и тоа: 1. Д-р Александар Петковски, доктор на науки по Јавна Администрација; 2.Д-р Ана Секуловска и 3.Д-р Јана Илиева

По разгледувањето на доставената документација од страна на горенаведените кандидати за избор на наставник во наставно-научно звање за научната област ПОЛИТИКА НА ПОЕДИНЕЧНИ АКТИВНОСТИ СТРУКИ И СПЕЦИЈАЛНОСТИ (50708), согласно Конкурсот за избор на наставници објавен на 15.11.2017 година, Комисијата за рецензија на Ректорксата управа “Мајка Тереза“ – Скопје, го презентира овој извештај:

**ИЗВЕШТАЈ**

**1. Кандидат Александар Петковски**

Биографски податоци за кандидатот

Образование

Д-р Александар Петковски е роден на 25.07.1974 година во Скопје. Основното и средното образование го завршува во Скопје. Во 1998 дипломира на Правниот факултет на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје со просечен успех 8,2. Во 1999 година престојува во Нансен Академијата во Лилехамер, Норвешка, каде го завршува

семестралниот курс за Човекови Права, дијалог и мирно решавање на конфликти. Во 2003 завршува школувањето за Политички менаџмент на Новиот бугарски универзитет во Софија. Во 2008 ги завршува магистерските студии за применета трансформација на конфликти на Универзитетот во Нови Сад, Србија со просечен успех 8,6. Во 2014 ја стекнува титулата Доктор на науки по јавна администрација на Факултетот за политички науки и Јавна Администрација на Универзитетот на Југоисточна Европа. Покрај македонскиот, кандидатот ги владее англискиот и албанскиот јазик, а се служи и со грчкиот јазик.

Професионално искуство

Кандидатот Д-р Александар Петковски има 15 годишно искуство вопишување и менаџирање на проекти, финансирани одповеќедомашни и странски донаторски агенции и организации, извршувајќи ги следниве професионални ангажмани:

I. Раководител на програма, Граѓанската асоцијација - Нансен Дијалог Центар; Ноември 1999 - Јуни 2003;
II. Извршен директор, Граѓанската асоцијација - Нансен Дијалог Центар; јули 2003 - Септември 2006;
III. Раководител на програма, Национален демократски институт за меѓународни односи - Македонија, Септември 2007 - јули 2008;
IV. Извршен директор на Институтот за парламентарна демократија, Август 2008 - Јули 2011 година;
V. Координатор на програмата Еразмус+ и Раководител на јавните набавки, на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид, Ноември 2013.

## 2. Наставно-образовна дејност

Одржување на настава

I. Гостин предавач на тема „Проектен менаџмент“ во рамките на наставата по предметот Иновативен менаџмент и претприемништво на Институт за комуникациски студии во Скопје, 2016 година.
II. Гостин предавач на тема „Проектен менаџмент“ во рамките на наставата по предметот Репутациски менаџмент,на Високата школа за новинарство и односи со јавноста во Скопје, 2014 година.
III. Одржано предавање во рамките на програмата за клиничка настава на факултетот за Јавна администрација и политички науки на Универзитетот на Југоисточна Европа од Тетово, на тема „Правен статус, улога и ефекти од работата на парламентарниот комитет и општинските комисии за односи меѓу заедниците“, 2014 година.

IV. Гостин предавач на тема „Проектен менаџмент“ во рамките на наставата по предметот Менаџирање настани и буџетирање, на Високата школа за новинарство и односи со јавноста во Скопје, 2013 година.

V. Одржани предавања на четири генерации на студенти во рамките на програмата за клиничка настава на факултетот за Јавна администрација и политички науки при Универзитетот на Југоисточна Европа од Тетово, на тема „Поставеност и улогата на граѓанските организации“ , 2011 - 2014 година.

VI. Одржано предавање на тема „Статусот на службена употреба на јазиците во Република Македонија, споредба со важечките политики кај некои европски држави“ во рамки на програмата за клиничка настава на Правниот факултет при Европскиот Универзитет во Скопје., 2011 година.

VII. Предавач, дизајнирање и одржување на дваесетина тренинг работилници за граѓански организации во врска со имплементација на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во период од 2007 до 2011 година.

VIII. Предавач по техники на ненасилно разрешување на конфликти, одржани повеќе од 50 презентации / предавања во Македонија и во странство, за активисти на граѓански организации, членови на младински организации на политички партии, ученици и студенти во период од 2000-та година па наваму.

## 3. Научно-истражувачка дејност

Научни трудови

I. Македонија, предизвици на помирување во поделеното општество (Drought in the Oasis of Peace: War comes to Macedonia). Security Dialogue, June 2001, 32: 267-269, Sage Publications,
http://sdi.sagepub.com/content/32/2/267.full.pdf+html

II. Улогата на Комисиите за меѓуетнички односи: Ефекти, перспективи и меѓународни практики (The Role of the Commissions For Inter-Ethnic Relations: Effects, Perspectives, and International Practices). May 2014. ICRAE2014 Conference- Paper Proceedings, ISSN: 2308-0825,
http://konferenca.unishk.edu.al/icrae2014/cd/pdfdoc/148.pdf

III. Ефекти од работата на Комитетот и Комисиите за меѓуетнички односи во Република Македонија (The Effects of the Work of Committee and Commissions on Interethnic Relations in Republic of Macedonia). Acta Universitatis Danubius, Relationes Internationales, Vol. 7, No 1 (2014),
http://journals.univ-danubius.ro/index.php/internationalis/article/view/2518

IV. Услови за одржлив развој на Комисиите за меѓуетнички односи (Preconditions for Sustainable Development of Commissions for Inter-ethnic Relations). Journal of Sustainable Development, Vol. 5, Issue 11, December 2014,
http://www.fbe.edu.mk/JoSDv11.pdf

V. Чекори кон подобрување на соработката меѓу општините и комисиите за односи меѓу заедниците. Политичка мисла, година 12, број 48, декември 2014, http://www.kas.de/wf/doc/kas_40064-1522-2-30.pdf?141222141156

VI. Улогата на Комитетот за меѓуетнички односи: целисходност и перспектива. Годишник на Правниот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев", 2014. https://e-lib.ugd.edu.mk/resursi/zbornici/praven/Godisen%20zbornik%20Praven%20fakultet-2013_14.pdf

VII. Increasing the efficiency of the Macedonian and Montenegrin justice system: Introduction of innovative EU monitoring and evaluation mechanism in the sphere of administrative law (Зголемување на ефикасноста на македонскиот и црногорскиот правен систем: Воведување на иновативни ЕУ механизми за следење и оценување во областа на административното право). Policy paper. 2014. Граѓанска асоцијација „Зенит", Скопје. http://s3-eu-west-1.amazonaws.com/zenith-org-mk-ireland/cms/files/66/files/original/Zenith_KAS_RLPSEE_2014_policy_paper_FINAL.pf

Учество во научно истражувачки проекти

Кандидатот Д-р Александар Петковски има учествувано како изработувач, координатор или учесник во национални и меѓународни научни и апликативни проекти како:

I. Изработувач и координатор на спроведувањето на проектот за мобилност на предавачи на универзитети од земјите со статус на партнерски држави во рамките на програмата „Еразмус+" на Европската Унија. Универзитет за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" Охрид, тековно од 2016 година.

II. Изработувач и координатор на спроведувањето на проектот за мобилност на студенти, предавачи и вработени помеѓу програмските земји членки во рамките на програмата „Еразмус+" на Европската Унија. Универзитет за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" Охрид, тековно од 2015 година.

III. Изработувач и учесник во тимот за спроведување на проектот „Поддршка на основањето и развојот на Парламентарниот Институт за истражување - во рамките на Собранието на Република Македонија", со финансиска поддршка од Владата на Швајцарската Конфедерација. Граѓанска организација „Институт за парламентарна демократија" во соработка со „Националниот демократски институт" 2009 - 2011 година.

IV. Изработувач и учесник во тимот за спроведување на проектот „Школа за политика - за претставници од младинските организации на политичките партии", реализиран со финансиска поддршка од Министерство за надворешни работи на Норвешка и

Министерство за надворешни работи на Холандија. Граѓанска организација „Нансен Дијалог Центар“ во соработка со Пакс Кристи од Холандија 2004 година.

V. Изработувач и учесник во тимотза спроведување на проектот „Иницијатива за основање на мешани двојазични паралелки“ во основно образование во општина Јегуновце, спроведен со финансиска поддршка од норвешкото Министерство за надворешни работи. Граѓанска организација „Нансен Дијалог Центар“ 2002 - 2006 година.

VI. Координатор на реализацијата на проектот со повеќе корисници за воведување на нови пост-дипломски студии на Универзитетот „Св. Апостол Павле“ од програмата ЕРАЗМУС+ КА 203 "Innovative postgraduate programme: Addressing market needs and pioneering new delivery modes". Универзитет за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид, тековно од 2015 година.

VII. Учество во тимот за спроведување на проектот „Поддршка научеството на граѓанското општество во донесувањето на одлуки и во обезбедување на социјални услуги“, се реализира со финансиска поддршка од Делегацијата на Европската Унија во Република Македонија во рамките на Инструментот за претпристапна помош (ИПА) Граѓанска организација „Институт за парламентарна демократија“, 2010 година.

VIII. Учество во реализацијата на проектот за потпишување на „Кодексот на однесување за слободни и фер парламентарни избори“ од страна на политичките партии учеснички на изборите и спроведување на Кампањата за фер избори под мотото „Можеме и мораме фер избори 2008“, во организација на Националниот демократски институт. 2008 година.

IX. Учество во тимот за реализација на проектот за развој на алатки за мониторирање и евалуација на перформансите на организациите членки на Балканската мрежа за дијалог. Балканска мрежа за дијалог, 2002 - 2004 година.

## 4. Стручно -апликативни дејности и дејности од поширок интерес

Кандидатот Д-р Александар Петковски има реализирано широк спектар на стручно апликативни дејности и дејности од поширок интерес, меѓу кои:

I. Рецензент на публикацијата: Втемелување на владеењето на правото во процесот на проширување - условите за пристапување кон ЕУ на земјите од Западен Балкан, Граѓанскаасоцијација„Зенит“,2013 http://www.kas.de/wf/en/33.36352/

II. Правен консултант на Интернет порталот за поддршка и толкување на содржината на „Охридскиот рамковен договор“. Граѓанска организација „Цивил“ 2001 година.

III. Изработка и лобирање за усвојување на амандмани на Буџетот на Република Македонија за 2008 година, за обезбедување на средства за финансирање на активностите на проектите, „Отворен парламент“, и „Канцеларии на пратениците за

комуникација со граѓаните“ Амандманите беа поддржани од околу 1/3 од вкупниот број од 120 пратеници, и истите беа усвоени од Собранието.

IV. Член на Советодавниот комитет на регионалната програма на Бугарското училиште за политика, септември 2006 - септември 2008.

V. Член на Управниот одбор на мрежата составена од невладини организации и Мировниот институт од Осло - Норвешка, Балканска мрежа за дијалог, февруари 2004 - мај 2006.

VI. Член на советодавниот одбор на меѓународната организација Пакс Кристи од Холандија во однос на реализацијата на нивните програмски активности во Република Македонија 2002 - 2004.

VII. Учесник во иницијативниот одбор за основање на првото билингвално радио (емитува програма на македонски и албански јазик) „Лајф радио 89.1 Скопје“, 2002.

VIII. Основач на граѓанската организација „Нансен Дијалог Центар - Скопје“, 1999.

IX. Подготвување на статути, правилници и деловници за работа на телата на граѓанските организации „Нансен дијалог центар“ и „Институт за парламентарна демократија“.

X. Подготвување на статут и други потребни акти за регистрација и работа на Здружението на станари на стамбена зграда на адреса АВНОЈ 64 Скопје, 2009.

XI. Учество во комисии и изработка на правилници за текот и начинот на реализација на јавните набавки и доделувањето на стипендии за реализација на студиски мобилности на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид.

## 5. Студиски престои, семинари, посети

Кандидатот Д-р Александар Петковски учествувал на повеќе конгреси, студиски престои, семинари и обуки во странство, меѓу кои:

I. Контакт семинар за национални претставници од земјите членки со земјите од источното партнерство во рамките на програмата Еразмус+ клучна акција 107“ во организација на Генералниот директорат за образование и култура при Европската Комисија, Киев - Украина. ноември 2016.

II. Учество на конгрес на Европската асоцијација на координатори на програмата Еразмус+, Солун - Грција, мај 2016.

III. Контакт семинар за национални претставници од земјите од Западен Балкан со програмските земји во рамките на програмата Еразмус+ клучна акција 107“ во организација на Генералниот директорат за образование и култура при Европската Комисија, Виена - Австрија. декември 2015.

IV. Учество на конгрес на Европската асоцијација на координатори на програмата Еразмус+, Порто - Португалија, мај 2015.

V. Студиски престој во Брисел и Хаг „Улогата на граѓанското општество за правда и помирување“ во организација на Генералниот директорат за проширување на Европската Унија, Брисел и Хаг, февруари - март 2012.

VI. Учесник на обука „Основи на методите на истражување во општествените науки“, организирана од Високата школа за новинарство и за односи со јавноста, јули 2011.

VII. Студиска посета на Парламентот во Швајцарија на претседателот и координаторите на пратеничките групи во Собранието на Република Македонија и претставници на организациите, партнери во реализацијата на проектот „Поддршка на основањето и развојот на Парламентарниот Институт за истражување - во рамките на Собранието на Република Македонија“, Берн - Швајцарија, јуни 2010.

VIII. Учество на Меѓународната програма за лидерство, програма за посета на САД на покана од Бирото за образовни и културни работи на Стејт департментот на САД, октомври - ноември 2009.

IX. Студиска посета на Националниот Совет на Република Словачка и Парламентарниот институт со координаторите на пратеничките групи во Собранието на Република Македонија во организација на Националниот демократски институт, Братислава, април 2009.

X. Студиска посета на Парламентот на Чешката Република со делегација на Собранието на Република Македонија составена од претставници на пратеничките групи и генералниот секретар, Прага, Ноември 2008.

XI. Работна посета на Холандија за планирање на реализација на граѓански активности кои би биле финансирани од владата на Холандија, средби со членовите на Комитетот за надворешни работи на холандскиот парламент, Министерството за надворешни работи на Холандија и Пакс Кристи Холандија, во организација на Пакс Кристи, Хаг и Утрехт 2004.

XII. Учесник на Регионалната програма на Бугарското училиште за политика, 2002 - 2003.

XIII. Учесник на „Обука за тренери по мирно решавање на конфликти“, во организација на Мировниот институт од Осло, Лимасол - Кипар, ноември 2001.

XIV. Работна посета на Норвешка за организација и планирање на активностите на организациите членки на Балканската мрежа за дијалог, организирана од Министерството за надворешни работи на Норвешка, Осло и Лилехамер 2001.

**6. Оценка на научните, стручните и образовно-педагошките остварувања на кандидатот**

Кандидатот Д-р Александар Петковски покажал солиден успех во текот на студирањето на додипломските и постдипломските студии, успешно ја одбранил својата докторска дисертација и се стекнал со научниот степен доктор на науки по јавна администрација.

Кандидатот има остварувања во ситекатегории опфатени со извештајот, а од приложеното особено се истакнува неговото богато искуство на пишување и менаџирање на проекти во соработка со повеќе домашни и странски донаторски агенции и организации.

Големиот број на одржани работилници и предавања за активистите од граѓанскиот сектор и студентите во комбинација со стекнатото искуство на работа во мултикултурна средина и познавањето на албанскиот јазик, на кандидатот му дава солидна основа за успешно вклучување во работата со мултикултурниот состав на студенти и академски кадар на Универзитетот „Мајка Тереза“.

**2. Д-р Јана Илиева**

Родена на 29.09.1980. Додипломските студии ги имат завршено на правниот факултет Јустиниан Први во Скопје во период од 1999 до 2003.

Постдипломските студии истотака ги заврши на Правниот Факултет „Јустиниан Први„и се стекна со звање магистер по право, од областа на Меѓународно право

Третиот циклус на студии ги заврши на правниот Факултет „Јустинијан Први„и се стекна со звање доктор на правни науки.

**Работно искуство**

Министерство за внатрешни работи на РМ

Кабинет како Дополнителен заменик министер за внатрешни работи

Д-р Оливер Андонов, дополнителен заменик министер за внатрешни работи

Септември 2016 – Јуни 2017- Државен советник за правни работи

МеѓународенБалканскиУниверзитет, Факултет за правни науки

Публикации

1. Banking Without Interest? UTMS Journal of Economics, Vol. 8, No. 1 (pp.), June, 2017
2. THE REPUBLIC OF MACEDONIA AND ITS RECOGNITION IN THE INTERNATIONAL COMMUNITY (1991-2015), Scientific Monography: Macedonia in 21st century: Social, Political and Economic Issues, Nova Science Publishers, USA
3. Islamic Banking and its Perspectives, International Journal of Academic Research in Business and Social Sciences, 2017, vol. 7, issue 2
4. EU Enlargement and Financial Crisis, International Journal of Academic Research in Business and Social Sciences, 2017, vol. 7, issue 1
5. Legal Protection of Icons as part of the Macedonian cultural heritage, 5th International Scientific Congress ECONOMIC ANALYSIS OF GLOBAL TRENDS IN TOURISM, FINANCE, EDUCATION & MANAGEMENT, University of Tourism and Management in Skopje, 8th October, 2016
6. Multiculturalism and Multi-confesionalism in the Balkans and in Macedonia: Historical Influences and Actual Cases, "Political science forum" University Aleksandar Dubcek,

Trencin, Slovakia, 2016

7. THE IMPACT OF POLITICS ON INTERNATIONAL LAW: "MACEDONIA V. GREECE" IN THE INTERNATIONAL COURT OF JUSTICE, "Political science forum" University Aleksandar Dubcek, Trencin, Slovakia, 2016
8. GLOBALIZATION, WOMEN AND THE MUSLIM WORLD, Macedonian Political Science Forum eProceedings, March 2015, Issue 6
9. Harmonization of tax policies reviewing Macedonia and Croatia, UTMS Journal of Economics, Vol. 6, No. 2 (pp.), December 2015
10. EQUAL EMPLOYMENT OPPORTUNITIES IN THE RECRUITMENT AND SELECTION PROCESS OF HUMAN RESOURCES, UTMS Journal of Economics, Vol. 6, No. 2 (pp.), December 2015
11. AWARENESS ABOUT MEDIATION AS AN ALTERNATIVE FORM OF DISPUTE RESOLUTION: PRACTICES IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA, International Journal of Cognitive Research in Science, Engineering and Education (IJCRSEE), Vol 3, No 1 (2015)
12. Is there a possibility of crash between the Islam and the modern world Macedonian Political Science Forum eProceedings, March 2015, Issue 4
13. The implication of gray economy on the modern crime, III Interdisciplinary Insights on Fraud and Corruption (I2FC 2015) conference, The costs of economic crime, Porto, Portugal, 28 November, 2015
14. Multiculturalism in South-East Europe – Cross cultural influence of the socio-economic changes in Republic of Macedonia according to Ohrid Framework Agreement, The 4th International Scientific Congress ECONOMIC ANALYSIS OF GLOBAL TRENDS IN TOURISM, FINANCE, EDUCATION & MANAGEMEN, University of Tourism and Management in Skopje, 9-11 October, 2015
15. The "Armed humanitarian intervention as triumph of the human rights over the sovereignty" International Scientific Conference – Researching security- approaches, concepts and policies, University "St. KlimentOhridski"- Bitola Faculty of Security – Skopje, Ohrid, June, 2015
16. Is Islam Misogynic?", Global Journal of Human Social Sciences, USA, 2014
17. The significance of intellectual capital in creating new values to the organization in Macedonia, International Symposium "The Great Recession and the crisis of neo-liberal economics", Educons University, Novi Sad, Serbia, 28 May, 2014
18. Republic of Macedonia on its road to the EU and NATO, International Scientific Journal "PoslovnaEkonomija" Educons University, Sremska Kamenica, vol.2, 2012

**3. Д-р Ана Секуловска**

Родена е на 23 јуни 1982 во Битола. Прввиот циклус на студии ги заврши на Педагошкиот факултет на Универзитетот Св. Климент Охридски со просек 8,16 и се стекна со звање

дипломиран наставник.
Вториот циклус на студии ги заврши со просек 10.00 на Педагошкиот факултет на Универзитетот Св. Климент Охридски и стекна звање магистер по образовен менаџмент.Третиот циклус на студии ги заврши на Правниот факултет „Јустинијан Први„и успешно ја одбрани докторската дизертација „ Информатизацијата како мерка на образовната политика”

Работно искуство
2003-2008 работела како референт во службата за студентски прашања на Универзитетот Св. Климент Охридски, Педагошки факултет.
2008-2014- Технички секретар односно административни работи во делот на рганизиција и работење на деканот.
Од септември 2014 работи во Одделение за човекови ресурси и Општи работи.
Кандидатката истотака била учесник во неколку обуки а истотака и предавач на семинари и политички школи.
Кандидатката Д-р Ана Секулоска истотака има објавено и научни трудови

1. **Секулоска А, Илиевски**,З : Public Policy transplantation and political (in)stability in the case of the Republic ofMacedonia,
2. **Секулоска Ана, Митревски** ПInformatization Level Assessment Framework and Educational Policy Implications, International Journal of Managing public sector information and communication technologies,
3. **Секулоска А**, Митревски П, Илиевски З , Challenges of educational policy design and implementation in a developing society, 1STinternational Conference “ towards Sustainable Development, Skopje 2017
4. **Ана Секулосвска**- процесот на имплементација на јасните политики во образовниот систем и потребата од менаџирање на системот за поефикасна имплементација на политиките, втор симпозиум „ Современите менаџерски предизвици и организационите науки, предметен фокус: Придонесот на образовниот систем кон претприемачката култура и иновативната практика, Бизнис академија Смилевски, Битола 2013.

**Стручно апликативни проекти и активности**
Учесник во Работна група за Е-влада на Regional school of public administration, како претставник на МИОА на РМ

**Предлог за избор**

По детално разгледување на приложената документација од кандидатите, Комисијата заклучи дека само кандидатот д-р Александар Петковски ги исполнуваа формалните критериуми за избор во наставно-научно звање доцент во согласност со

членовите 125 и 132 од ЗВО на РМ. По вреднувањето на постигнувањата на кандидатите во наставно-образовната, научно-истражувачката и стручно-апликативната дејност и дејности од поширок интерес, земајќи ги предвид и останатите информации од приложената документација, Комисијата смета дека д-р Александар Петковски е најсоодветен кандидат, особено од аспект на неговото богато искуство во пишување и менаџирање на проекти, работа во мултикултурна средина и познавањето на албанскиот јазик. Земајќи ги предвид сите наведени факти, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Факултетот за социјални науки во состав на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, да го избере д-р Александар Петковски за наставник во звање доцент од областа ПОЛИТИКА НА ПОЕДИНЕЧНИ АКТИВНОСТИ СТРУКИ И СПЕЦИЈАЛНОСТИ (50708)

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Д-р Иван Бимбиловски, редовен професор, претседател,
2. Д-р Абдула Азизи, вонреден професор, член,
3. Д-р Дитурије Исмаили, доцент, член,

# FAKULTETI I SHKENCAVE TEKNIKE / ФАКУЛТЕТ  ЗА ТЕХНИЧКИ НАУКИ

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ – ДОКТОРАНТ ВО НАСТАВНО – НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПЛАНИРАЊЕ (21101) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТЕХНИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „МАЈКА ТЕРЕЗА“ ВО СКОПЈЕ

Со Одлуката бр. 21-629/1 на Наставно – научниот совет на Факултетот за Технички науки, Универзитет „Мајка Тереза“ – Скопје, на седницата одржана на 24.11.2017 година, а во врска со распишаниот Конкурс за избор на наставници во сите наставно – научни звања и асистенти – докторанти, објавен на Веб Страната на Универзитетот **www.unt.edu.mk** и весниците „Нова Македонија„ и „Коха„ на ден 15.11.2017 година,се формира Рецензентска комисија за избор на асистент – докторант во наставно – научната област *Планирање* (21101) од Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Фраскатиева класификација)во состав на:

1. **Д-р Моника Лутовска**, доцент, **претседател**,
2. **Д-р Оливера Петровска**, доцент,**член**,
3. **Д-р Мирлинда Ебиби**,доцент,**член.**

На објавениот конкурс за избор на еден асистент - докторант во наставно –научната област ПЛАНИРАЊЕ (21101)се пријавија кандидатите:

1. М-р Ана Велкова
2. М-р Билјана Матевска - Наумовска
3. М-р Аљбина Муча

Врз основа на увидот на доставените документи од кандидатите, законските услови за избор на асистент – докторант во наставно –научната област **ПЛАНИРАЊЕ** (21101) кандидатката Билјана Матевска-Наумовска, не ги исполнуваат условите бидејќи нема доставено соодветен документ за познавање на англиски јазик и ќе бидат иземенети од понатамошна евалуација.

Врз основа на Одлуката и на прегледот на доставените материјали, а во согласност со чл. 132 од Законот за високо образование, Рецензентската комисија го поднесува следниов извештај:

**ИЗВЕШТАЈ**

**<u>А. Извештај за избор на еден асистент - докторант во областаПЛАНИРАЊЕ(21101)</u>**

**А.1. Ана Велкова**

**<u>Биографски податоци</u>**

Кандидатот М-рАна Велковае родена на 06.08.1992година во Скопје. На Машинскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопједипломирала во 2010 година и стекнува звање дипломиран машински инженер по индустриски дизајн со просек 9,97. На Машинскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“Скопје магистрирала во 2017 година во областа на Индустриски дизајн и Маркетинг со просек 9,7. Има работно искуство од областа на графички дизајн и маркетинг во фирмите СТВ Призма и Grey Worldwide. Вработена е како наставник по машинска струка во средното училиште Д.У.Ц.О.Р. „Партенија Зографски“.

**Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот релевантни за актуелниот избор**

- <u>Наставно-образовна дејност</u>
  Кандидатката моментално работи во средно училиште како наставник по машинска струка.
- <u>Научно истражувачка дејност</u>
  Кандидатката М-р Ана Велкова приложува објавен труд во меѓународното списание во областа на индустриски дизајн.
- <u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>
  Не достави докази за значајни постигнувања во стручно-апликативната дејност.

**А.2 Билјана Матевска-Наумовска**

**<u>Биографски податоци</u>**

Кандидатот Билјана Матевска-Наумовска е родена на 16.04.1988 година во Скопје. На Машинскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје дипломирала во 2010 година и се стекнува со звање дипломиран машински инженер со просек 8,72. На Машинскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје магистрирала во 2017 година во областа на индустриско инженерство и менаџмент со просек 10. На Машински факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во 2017 година е запишана на докторски студии.

**Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот релевантни за актуелниот избор**

- Наставно-образовна дејност
  Нема високо-образовни и наставно-образовни активности.
- Научно истражувачка дејност
  Кандидатката М-р Билјана Матевска-Наумовска приложува листа на објавени трудови од областа на ергономија во меѓународни списанија и конференции.
- Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес
  Не достави докази за значајни постигнувања во стручно-апликативната дејност.

**А.3. Аљбина Муча**

**Биографски податоци**

КандидаткатаМ-р Аљбина Муча е родена на 26.07.1992 година во Скопје. На Машинскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"во Скопје, дипломирала на тема од областа на Планирање и управување на производство во 2014 година и се стекнува со звање дипломиран машински инженер со просек 8,90. На Машинскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"во Скопје, магистрирала во 2017 година во областа наиндустриско инженерство и менаџмент, на тема „Креирање на интегриран модел и методологија на методологиите за планирање и оптимирање на производството"со просек 10. На Машински факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во 2017 година е запишана на докторски студии во областа на Индустриско инженерство и менаџмент. Има работно искуство во областа на планирање и управување на производство при Раде Кончар ТЕП и во средното Хемиско училиште С.У.Г.С „Марија Кири Склодовска" како наставник по машинска струка. Моментално е вработена како наставник по машинска струка во Средно машинско училиште С.У.Г.С „8-ми Септември".

**Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот релевантни за актуелниот избор**

- Наставно-образовна дејност
  Кандидатката м-р Аљбина Муча моментално работи во средно машинско училиште и предава предмети од областа на компјутерско управување и моделирање но и планирање на производство.
- Научно истражувачка дејност
  Кандидатката м-р Аљбина Муча приложува листа од еден научен труд во областа на Планирање и управување на производство објавен во меѓународно списание и едно научно истражување од областа на Методологии за планирање и управување, кој е во евалуациска фаза. Кандидатот имаше и своја презентација на првата научна конференција организирана од Универзитетот „Мајка Тереза" во Скопје.
- Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес
  Не достави докази за значајни постигнувања во стручно-апликативната дејност.

## ***<u>З А К Л У Ч О К</u>***

Врз основа на целосниот преглед на доставената документација, спроведеното интервју и останатите сознанија за научно-истражувачката и стручна работа на кандидатите, рецензентската комисија заклучи дека:

- М-р Ана Велкова–покажувасолидни резултати од студиите, но не се совпаѓање целосно во областа на студии (Индустриски дизајн) област во која се избира асистент-докторант (Планирање). Сеуште нема запишано трет циклус студии.
- М-р Биљана Матевска Наумовска- не ги исполнува конкурсните услови, заради тоа што нема соодветна потврда за познавање на англиски јазик.
- М-р Аљбина Муча– покажува солидни резултати и постигнувања во академскиот сегмент на работата, а воедно и висок просек на додипломски и постдипломски студии, како и релевантно истражувачка работа во научната област *Планирање*.

## ПРЕДЛОГ ЗА ИЗБОР

По деталното разгледување на приложената документација од кандидатот, и според оценката од трите области (наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната), Комисијата е на мислење дека **м-р Аљбина Муча** ги исполнува формалните критериуми за избор во асистент - докторант (Чл. 125 и Чл. 132 од ЗВО на РМ).

Јасно е видливо нејзината стручна работа за време на додипломски и магистерските студии во областа на планирање и управување

Исто така, на релацијата надворешен соработник–академски персонал и соработник–студенти, кандидатот покажува особини на изразена волја за професионална, тимска и човечка комуникација.

Земајќи ги предвид сите наведени факти, а во согласност со Чл.125 и Чл.132 од ЗВО, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Факултетот за технички науки во состав на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, да го избере м-р Аљбина Муча дипломиран машински инженер, за асистент - докторант од областа на ПЛАНИРАЊЕ (21101).

## РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

**1.Д-р Моника Лутовска**, доцент **претседател**, с.р.

**2.Д-р Оливера Петровска**, доцент, **член**, с.р.

**3.Д-р Мирлинда Ебиби**, доцент, **член,** с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ – ДОКТОРАНТ ВО НАСТАВНО – НАУЧНАТА ОБЛАСТ СООБРАЌАЈНО ИНЖЕНЕРСТВО И ПРОЕКТИРАЊЕ (22012) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТЕХНИЧКИ НАУКИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „МАЈКА ТЕРЕЗА“ ВО СКОПЈЕ

Со Одлуката бр. 21-627/1 на Наставно – научниот совет на Факултетот за Технички науки, Универзитет „Мајка Тереза“ – Скопје, на седницата одржана на 24.11.2017 година, а во врска со распишаниот Конкурс за избор на наставници во сите наставно – научни звања  и асистенти – докторанти, објавен на Веб Страната на Универзитетот **www.unt.edu.mk** и весниците „Нова Македонија„ и „Коха„  на ден 15.11.2017 година,се формира Рецензентска комисија за избор на асистент – докторант во наставно – научната област *Сообраќајно инженерство и проектирање* (220012 од Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Фраскатиева класификација) во состав на:

1. **Д-р Оливера Петровска**, доцент професор **претседател**,
2. **Д-р Моника Лутовска**, доцент професор, **член**,
3. **Д-р Зоран Трифунов**, вонреден професор **член**

На објавениот конкурс за избор на еден асистент - докторант во наставно –научната област *Сообраќајно инженерство и проектирање* (22012) се пријави кандидатот:

4. М-р Јован Христоски, дипломиран сообраќаен инженер

Врз основа на Одлуката и на прегледот на доставените материјали, а во согласност со чл. 132 од Законот за високо образование, Рецензентската комисија го поднесува следниов извештај:

## ИЗВЕШТАЈ

**Биографски податоци за кандидатот за избор на еден асистент–докторант во наставно – научната област *Сообраќајно инженерство и проектирање.***

# 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ ЗА КАНДИДАТОТ

**М-р Јован Христоски** е роден на 28.07.1972 година во Прилеп. Основно и средно образование завршува во Крушево.Во 1998 година дипломира на Техничкиот факултет – отсек за Сообраќај и транспорт, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола со наслов на дипломската работа „Капацитет и ниво на услуга на трикраки семафоризирани крстосници – практична студија за центарот на град Битола“, со просечна оцена 8,44. Во 2006 година магистрира на Градежен факултет – отсек за патен сообраќај на Универзитетот во Марибор, Република Словенија со наслов на магистерскиот труд „Влијание на текот на немоторизираните сообраќајни учесници во сообраќајот на капацитетот на еднонасочните кружни крстосници“. Просечната оцена на магистерските студии е 9,8.

## 1.1. <u>Наставно-образовна дејност на кандидатот</u>

Во септември и октомври 1998 година со студентска размена престојува во Барселона, Шпанија со што зема активно учество како помлад соработник на проекти за: Планирање на пешачки зони во центарот на Барселона, Сообраќајни сигнални планови на 2 крстосници во Гирона, Развој на велосипедска мрежа во суб урбана област во Барселона, Планирање на јавен транспорт во Генова, Италија.

Во периодот од 1999 до 2000 година е ангажиран како Помлад асистент на Техничкиот факултет – Битола по предметите: Безбедност на патниот сообраќај и Безбедност на воздушниот сообраќај. Во периодот од 2000 до 2003 година за време на постдипломските студии на Градежен факултет, отсек за Патен сообраќај активно учествува во работата на Институтот за патишта и патен сообраќај во Марибор на проекти за: Компаративна анализа на сообраќајни токови на семафоризирани, кружни и крстосници управувани со сообраќајни знаци, Моделирање на сообраќајни токови, Сигнални планови за семафоризирани крстосници, Капацитет на кружни крстосници, Зголемување на безбедноста на пешаците и лицата со посебни потреби на кружни крстосници и крстосници управувани со сообраќајни знаци, Симулација на сообраќајни токови во VISSIM.

Од 2003 до 2006 година работи во АСУЦ Боро Петрушевски во Скопје како наставник по предметите: Моторни возила, Интегрален транспорт, Јавен градски превоз, Безбедност во сообраќајот и практична работа. Од 2006 до 2010 година е Раководител на сектор за сообраќај во Град Скопје, од месец мај до декември 2010 година работи како Советник за анализа и режим на сообраќај исто во Град Скопје. Од 2011 година работи како Проекант во ЗУМ Проект – Скопје и Геинг Кребс унд Кифер Интернашнл – Скопје задолжен за Изработка на сообраќајни проекти и ревизии на сообраќајни проекти, архитектонско урбанистички проекти, детални урбанистички планови – дел сообраќај, Надзор на изведување на работи.

## 1.2. Научноистражувачка дејност на кандидатот

*Објавени рецензирани трудови на меѓународни конференции и во меѓународни списанија*

1. РИСТИЌ, Боро, ХРИСТОСКИ, Јован. Стратегија за намалување на бројот на сообраќајни незгоди во 21-от век во Р. Македонија, Зборник на трудови на Меѓународен симпозиум за сообраќај и комуникации на почетокот на 21-от век, Охрид, 1999.
2. ХРИСТОСКИ, Јован. База на податоци од сообраќајни незгоди во Р. Македонија – потреба или неопходност, Зборник на трудови на Меѓународен симпозиум за сообраќај и комуникации 2000, Охрид, 2000.
3. HRISTOSKI, Jovan T. Nacionalna strategija za transport i okoliš -"state-of-the-art" u R. Makedoniji, Suvremeni promet, 2002, vol. 22, br.6, str.479-484.
4. HRISTOSKI, Jovan T., TOLLAZZI, Tomaž. Capacity and performances of unsignalized intersections and roundabouts - comparative analysis. Suvremeni promet, 2003, god. vol. 23, br.1/2, str. 66-70. [COBISS.SI-ID 7909398]
5. HRISTOSKI, Jovan T., SEVER, Drago. Evaluation of unsignalized two-way stop controlled intersections capacity and effectiveness. Suvremeni promet, 2003, god. vol. 23, br.1/2, str. 84-89. [COBISS.SI-ID 7909654]
6. HRISTOSKI, Jovan T., SEVER, Drago, TOLLAZZI, Tomaž. Adjustment factor for through and left-turning heavy vehicles at levelled signalized intersections. Suvremeni promet, 2004, vol. 24, no. 3/4, str. 252-257. [COBISS.SI-ID 8715030]
7. HRISTOSKI, Jovan. Capacity and performances of roundabouts. Proceedings of The International Symposium for New Technologies, Sombor, Serbia and Monte Negro, 2004.
8. HRISTOSKI, Jovan. Challenges for public transport in Skopje, Macedonia. Mobility Forum Meeting, Twente, Holland, 2007.
9. HRISTOSKI, Jovan. Traffic and transportation projects in Skopje – new challenges. General meeting and workshops of RENAISSANCE project, Perugia, Italy, 2008.
10. ХРИСТОСКИ, Јован. АРСОВА, Валентина. Проблеми со имплементација на мерките за посебните сообраќајно-технички средства за забавување на сообраќајот и нивно отстранување. Зборник на трудови на стручен собир за Средства и методи за наменско смирување на сообраќајот, Скопје, 2009
11. ХРИСТОСКИ, Јован. Крстосници со кружен тек на сообраќајот во Скопје како мерка за отсранување на опасни места – црни точки. Зборник на трудови на советување за Опасни места (црни точки) на патиштата во Република Македонија и нивно отстранување во функција на безбедноста на сообраќајот, Скопје, 2010.
12. HRISTOSKI, Jovan. APOSTOLOVA Mirjana. Testing Innovative Strategies for Clean Urban Transport for Historic European Cities – SKOPJE. Crafting sustainable communities in Southeastern Europe, Regional conference, Skopje 2010.
13. HRISTOSKI, Jovan. Traffic and transportation projects in Skopje. Workshop on Sustainable and healthy urban transport policies, Pan-European Program, Skopje, 2010.
14. ХРИСТОСКИ, Јован. Политики за развој на велосипедскиот сообраќај на градот Скопје. Workshop on Sustainable and healthy urban transport policies, Pan-European Program, Скопје, 2010

*Учество на симпозиуми, семинари и обуки*

1. Road and Bridges in Europe, 8-th International Road Conference Budapest, Budapest, May 2001
2. Jadransko-Jonska cesta, Mednarodni znanstveni simpozij, Portorož, October 2001.
3. Međunarodno znanstvenostručno savjetovanje - Prometni sistemi, Opatija, 2005.
4. UITP National workshop on public transport systems in Skopje, as Chairman, Skopje, June 2006.
5. Workshop – Changing for the better! Mobility management initiatives promoted by the European Mobility week campaign, Brussels, 2008.
6. Course on Transport Knowledge and Learning Program on Intelligent Transportation Systems: ITS in Urban Applications, World Bank, Skopje, 2010,
7. Course on SIDRA 6 and SIDRA NETWORK, basic and advantage knowledge, lead by Rahmy Akcelik, Akcelik and Associates Ltd, in Ljubljana, Slovenia, 2014

**1.3.Стручно–апликативна дејност на кандидатот**

1. Национална стратегија на Р. Македонија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата 2009-2014, Републички совет за безбедноста на сообраќајот на патиштата, експерт, 2008
2. План за одржлив транспорт на Град Скопје, CIVITAS INITIATIVE, RENAISSANCE PROJECT Co-Funded by European Commission, експерт, 2011

**1.4. Изработени сообраќајни проекти и ревизии од областа на патното инженерство**

Кандидатот Јован Христоски учествува во изготвување и изработка на 20 сообраќајни проекти и 20 ревизии на сообраќајни проекти од областа на патното инженерство, со кој се регулира сообрќајниот режим.

**Членства**

- Член и претседател на Сојуз на сообраќајни инженери на Р. Македонија
- Член на NAPARS - USA (National Association of Professional Accident Reconstruction Specialists)
- Член на Управен одбор на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Р. Македонија и претседател на Одделението за сообраќај при Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Р. Македонија
- Член на Комисија за урбанизам на Општина Аеродром,
- Член на Комисија за урбанизам на Општина Гази Баба

Активно го владее англискиот, словенечкиот и српскиот јазик и основно ниво на француски, влашки и шпански јазик.

Поседува компјурерски вештини од MS Office, MATLAB, COREL, AutoCAD, VISSIM,SIDRA, HiCAP 2000.

## ЗАКЛУЧОК

По деталното разгледување на приложената документација од кандидатот, и според оценката од трите области (наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната), Рецензентската комисија констатира дека кандидатот м-р Јован Христоски ги исполнува формалните критериуми за избор на соработник (Чл. 125 и Чл. 132 од ЗВО на РМ) согласно објавениот конкурс. Јасно е видлива неговата стручна работа за време на магистерските студии во областа на сообраќајот. Кандидатот има соодветно наставно и научно искуство со постигнати видни резултати во својата работа. Бил носител на повеќе раководни функции и е истакнат стручњак во областа сообраќајот чиј дел е и полето Сообраќајно инженерство и проектирање.

Кандидатот м-р Јован Христоски покажува солидни – научно истражувачки резултати и постигнувања во академскиот сегмент на работа.

Земајќи ги предвид сите наведени факти, а во согласност со Чл.125 и Чл.132 од ЗВО, Рецензентската комисија има чест и задоволство да даде предлог на Факултетот за технички науки во состав на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, да го избере м-р Јован Христоски дипломиран сообраќаен инженер, за асистент–докторант во наставно – научната област***Сообраќајно инженерство и проектирање.***

## РЕЦЕНЗИОНА КОМИСИЈА

1. Проф. Д-р Оливера Петровска, Факултет за технички науки - Скопје, с.р.

2. Проф. Д-р Моника Лутовска Факултет за технички науки - Скопје, с.р.

3. Проф. д-р Зоран Трифунов, Факултет за технички науки - Скопје, с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО – НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО – НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕКОНОМЕТРИЈА (50322) И БАНКАРСТВО (50321)НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТЕХНИЧКИ НАУКИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „МАЈКА ТЕРЕЗА“ ВО СКОПЈЕ

Со Одлуката бр. 21-626/1 на Наставно – научниот совет на Факултетот за Технички науки, Универзитет „Мајка Тереза“ – Скопје, на седницата одржана на 24.11.2017 година, а во врска со распишаниот Конкурс за избор на наставници во сите наставно – научни звања и асистенти – докторанти, објавен на Веб Страната на Универзитетот **www.unt.edu.mk** и весниците „Нова Македонија„ и „Коха„ на ден 15.11.2017 година,се формира Рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно – научни звања во наставно – научната област ЕКОНОМЕТРИЈА (50322) и БАНКАРСТВО (50321) од Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Фраскатиева класификација, во состав:

4. **Д-р Бесник Фетаи**, редовен професор, **претседател**,
5. **Д-р Мирољуб Шукаров**, редовен професор, **член**,
6. **Д-р Неритан Туркеши**,доцент, **член.**

На објавениот конкурс за избор на еден наставник од наставно – научната област ЕКОНОМЕТРИЈА (50322) и БАНКАРСТВО (50321) се пријавија кандидатите:

1) М-р Гонџе Османи
2) Д-р Јасмина Мишоска
3) Д-р Рилинд Адеми
4) Д-р Ана Ристевска
5) Д-р Валентина Анѓелковиќ
6) Д-р Зана Беќири Љума

Врз основа на Одлуката и на прегледот на доставените материјали, а во согласност со чл. 132 од Законот за високо образование, Рецензентската комисија го поднесува следново:

Врз основа на увидот на доставените документи од кандидатите и законските услови за избор наставник во наставно – научната област ЕКОНОМЕТРИЈА (50322) и БАНКАРСТВО (50321) кандидатот м-р Гонџе Османи не ги исполнува условите и ќе биде изземена од понатамошна евалуација.

Рецензентската комисија го поднесе следниот

# И З В Е Ш Т А Ј

**А. Извештај за избор на еден наставник од наставно-научната област ЕКОНОМЕТРИЈА (50322) и БАНКАРСТВО (50321)**

**А.1.М-р Гонџе Османи**

Кандидатот Гонџе Османи е родена на 16.05.1988 година во Тетово. На Факултетот за Бизнис Администрација на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово првиот циклус на студии ги заврши во 2009 година. На факултетот за Бизнис Администрација на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово ги заврши и вториот циклус на студии во 2014 година во областа на Финансии и Сметководство. Во 2017 година запиша докторски студии на Економскиот Факултет на Универзитетот во Тетово.

**А.2Д-р Јасмина Мишоска**

Кандидатот Јасмина Мишоска е родена на 10.03.1990 година во Скопје. На Факултетот за Економски Науки на Европскиот Универзитет – Република Македонија првиот циклус на студии ги заврши во 2011 година. На Факултетот за Економски Науки на Европскиот Универзитет – Република Македонија заврши и со вториот циклус на студии во 2013 година во областа на Финансиско-банкарски менаџмент. На Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања – Скопје на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје го заврши и третиот циклус на студии во 2017 година во областа на Организациски Науки и Управување (Менаџмент).

Професионално искуство

Кандидатката д-р Јасмина Мишоска има неколкугодишно работно искуство како асистент и доцент на Универзитетот „Евро - Балкан“ од Скопје:

- Асистент со скратено работно време на Универзитетот „Евро - Балкан“ од Скопје; Декември 2013 - Септември 2016;
- Асистент со полно работно време на Универзитетот „Евро - Балкан“ од Скопје; Септември 2016 - Јули 2017;
- Доцент по група предмети од научната област „Организациони науки и управување“ на Универзитетот „Евро - Балкан“ од Скопје; Јули 2017 – до денес.

**Научно-истражувачка дејност**

Научни трудови

- MSc Jasmina Mishoska: Diagnosing the organizational culture in the companies with the use of OCAI instrument (case study). International Journal of Recent Research in Arts and Sciences, Vol. 5. 2016, ISSN: 1857-8128,
- MSc Jasmina Mishoska, Phd Biljana Petrevska: Contemporary forms of organizational structure and organizational design- criteria for success of the international market. Leadership & Management: Integrated Politics of Research and Innovations, Second International Scientific Business Conference – LIMEN December 2016. ISBN 978-86- 80194-05-9,

MSc Jasmina Mishoska: Economic - Financial performance of Alkaloid AD Skopje based on key financial indicators (case study), International Journal of Recent Research in Arts and Sciences, 2015, ISSN: 1857-8128,

MSc Jasmina Mishoska: "Entrepreneurship - the challenge of modern society", International conference: Challenges of Contemporary Society. ноември 2015,

М-р Јасмина Мишоска: "Платежни картички како инструмент за плаќање во електронското банкарство", Втора меѓународна научна конференција „Влијанието на научно – технолошкиот развиток во областа на правото, економијата, културата, образованието и безбедноста во Република македонија“, октомври 2014. ISBN 978-608-4714-11-8,

М-р Јасмина Мишоска: "Охрабрување на претприемачкиот дух за кариерен развој", Меѓународна научна конференција "Науката и општествениот развој", мај 2014, ISBN 978-608-4574-62-0,

М-р Јасмина Мишоска: "Електронска трговија – основна алатка на е-бизнис", Прва меѓународна научна конференција "Прва меѓународна научна конференција „Влијанието на научно – технолошкиот развиток во областа на правото, економијата, културата, образованието и безбедноста во Република македонија“, декември 2013, ISBN 978-608-4714-05-7,

М-р Јасмина Мишоска: "Интернет маркетинг", "Прва меѓународна научна конференција „Влијанието на научно – технолошкиот развиток во областа на правото, економијата, културата, образованието и безбедноста во Република македонија“, декември 2013, ISBN 978-608-4714-05-7,

Јасмина Мишоска: "Влијанието на виралниот маркетинг врз глобалните промени", Меѓународна научна конференција "Промените во глобалното општество", јуни 2013, ISBN 978-608-4574-58-3,

Јасмина Мишоска, Биљана Петревска: "Глобалната економска (финансиска криза) и Македонската економија", Меѓународна научна конференција "Лицата на кризата", март 2012, ISBN 978-608-4714-47-7,

Јасмина Мишоска, Биљана Петревска: "Улогата и значењето на средствата за пренос на пропагандните пораки", Меѓународна научна конференција "Улогата на медиумите во промоцијата на производите и услугите", јуни 2012, ISBN 978-608-4691-01-3.

**Оценка на научните, стручните и образовно-педагошките остварувања на кандидатот**

Кандидатката д-р Јасмина Мишовска покажала највисок успех во текот на студирањето на додипломските и постдипломските студии. Кандидатката има работно искуство како асистент, а од неодамна и доцент на Универзитетот „Евро - Балкан“. Покажува солидни резултати во однос на нејзините достигнувања во наставно-образовната и научно-истражувачката дејност и одлично познавање на англискиот јазик.

## А.3. Д-р Риљинд Адеми

Кандидатот Риљинд Адеми е роден на 19.04.1987 година во Куманово. На Економски Факултет на Универзитетот во Тетово го заврши првиот циклус на студии во 2009 година на студиска програма Економија- Бизнис со просек 9,5. На Економски Факултет на Универзитетот во Тетово го заврши вториот циклус на студии во 2012 година во областа на Сметководство и

Финансии со просек 9,6. На Факултетот за Економија и Информациски Технологии при Европскиот Универзитет во Тирана, Република Албанија, го заврши и третиот циклус на студии во 2017 година во областа на Финансии.

**Работно Искуство**

Кандидатот има работно искуство како:

03.05.2010 Кредитен Аналист (loan officer) во Pro Credit Bank, филиала Куманово.

10.06.2010 Вработен во Секретариатот за имплементација на Охридскиот Договор како помлад соработник за стратегија, планирање и следење.

02.2012-06.2012 Асистент по предметите Микроекономија 1 и Финансиски пазари и институцииво Економски Факултет и Факултетот за Бизнис Администрација.

2014 - Генерален менаџер во претприатијето "Prima Laminat".

**Податоци за стручно-научна работа и публикации**

**- Научна работа и учество во научни и стручни средби и конференции**

2013 – "Тековните трансфери како главен извор на покривање на трговскиот дефицит во Р.М.", Дванаесетта меѓународна конференција со тема, " Придонесот на диаспората и странските инвестиции во економскиот развој, бизнисот и зголемувањето на вработеноста во Косово и другите земји, Приштина, Косово, ISBN:978-9951-567-04-6.

2015 – "Credit activity besides other investment activities of commercial banks in Macedonia", The Macrotheme Review, Volume 4, Issue 6, Dubrovnik, Croatia, ISSN:1848-4735.

2015 - "Balance sheets of commercial banks and their loan activity in Macedonia", Czech Institute of Academic Education, Budapest, Hungary, ISBN:978-80-905791-3-2.

2015 – " Макроекономските детерминанти на кредитирањето на приватниот сектор во Македонија-релацијата со БДП и кредити", Интердициплинарно научно-истражувачко списание, Центар за истражувачки развој, Пеќ, билтен бр.3, Пеќ, ISSN:1800-9794.

2016 – "Bank credit to the private sector before, during and after the crisis- evidence from CESEE countries", Internal Conference on Innovations in Science and Education, Central Bohemia University, Prague, Czech Republic, ISSN:1805-9961 (Online).

2016 – "Financial Determinant of Credit to the Private Sector", The Macrotheme Review, Volume 5, Issue 1, Rome, Italy, ISSN:1848-4735.

2016 – "Bank Credit after the Financial Crisis in CESEE countries", Fourth International Scientific Conference, University of Tetova, Tetovo, Macedoni, ISBN:978-608-217-049-7.

2016 – "Credit and Economic Regeneration after the financial crisis in CESEE countries", Internal Conference on Innovations in Science and Education, Central Bohemia University, Prague, Czech Republic, ISSN:1805-9961 (Online).

Објавени книги

2017 – "Determinants of Bank Credit to the Private Sector – evidence from CESEE", LAP Lambert Academic Publishing, member of Omniscriptum Publishing Group, ISBN:978-3-659-87080-4.

**- Познавање на странски јазици**

Албански (мајчин), Македонски (напредно), Англиски (напредно).

**<u>А.4. Д-р Ана Ристевска</u>**

Кандидатот Ана Ристевска е родена на 05.02.1989 година во Битола. На Факултетот за администрација и менаџмент на информациски системи – Битола на Универзитетот „Св. Климент Охридски„ – Битола заврши првиот циклус на студии ги заврши во 2010 година. На Факултетот за

администрација и менаџмент на информациски системи – Битола на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола го заврши вториот циклус на студии во 2012 година во областа на Менаџмент на Информациски Системи. На Економски Факултет – Прилеп на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола го заврши  и третиот циклус на студии во 2015 година во областа на Маркетинг.

д-р Ана Ристовска има објавено и неколку научно истражувачки трудови.

## А.5. Д-р Валентина Анѓелкоска

Главните биографски податоци на д-р. Валентина Анѓелкоска:

Д-р. Валентина Анѓелкоска е родена во 29.01.1976. Дипломирала на правниот факултет Јустинијан Први во Скопје – УКИМ во 1998 год. Магистрирала на Економскиот Институт во Скопје – УКИМ, во 2011 год, во насока Менаџмент и организациони науки. Во 2013 год, докторирала во Економскиот Институт во Скопје – УКИМ, во насока економски науки.

Кандидатот Валентина Анѓелкоска има долгогодишно работно искуство во банкарскиот сектор, и тоа во ИК Банка АД – Скопје од 2003 – 2005, па по тоа од 2005 до 2016 во Стопанска Банка АД Скопје. Од 2013 година работи во Универзитетот за Менаџмент и Туризам во Скопје како визитинг професор, по предметите: Banking, Lending Policy, Fiscal System of EU.

Д-р. Валентина Анѓелкоскакако странски јазици ги познава: англиски, српски, хрватски и бугарски јазик.

Д-р. Валентина Анѓелкоскаима објавено и неколку научно истражувачки трудови од 2011 до 2016 година.

## А.6. Д-р Зана Беќири Љума

**Биографски податоци**

Д-р Зана Беќири Љума е родена на 19.07.1985 година во Тетово, Македонија. Основното и средното образование ги заврши во Тетово, Македонија. Во 2007 дипломира на Бизнис Администрација – насока Финансии на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово. Во 2011 ги заврши магистерските студии на Универзитетот во Единбург, Велика Британија и се стекна со титулата Магистер на науки од областа на финансии и инвестиции. Во 2012 се стекна со титулата Магистер по истражување од областа на финансии на универзитетот City University London во Лондон. Во 2012 ги запиша докторските студии и во 2016  и се стекна со титулата Доктор на науки од областа на финансии на универзитетот City University London во Лондон.

**Работно Искуство**

Кандидатот има стекнато релевантно наставно, истражувачко и практично работно искуство како што следува:

*Истражувачки Практикант* - European Bank for Reconstruction and Development, London, 2015
*Истражувачки Асистент*на Thorsten Beck, Cass Business School, 2014
*Истражувачки Асистент*на Alessandro Beber и Daniela Fabbri, Cass Business School, 2013

*Асистент* - Banking and Financial Institutions, Cass Business School, 2016
*Асистент* - Financial Markets, Cass Business School, 2012
*Асистент* - Department of Business and Economics - South East European University, Macedonia, 2007-2008

*Обука* - Практикантво Steiermaerkische Sparkasse Bank - Strategic and Operative Risk Management Department, Austria, 2009-2010.

**Податоци за стручно-научна работа и публикации**

**- Научна работа и учество во научни и стручни средби и конференции**

Кандидатот учествувавал и презентирал неколку меѓународни конференции и истотака има објавено и трудови во меѓународни списанија:
"*An Empirical Testing of the Capital Asset Pricing Model in Macedonian Stock Exchange*" Journal of Academy of Business and Economics. Vol.10, Number 4, 2010. ISSN: 1542-8710.

"*Foreign bank entry and net interest margins: evidence from Southeast Europe*" with B.Casu and D.Fabbri.

- Wolpertinger Conference, 4-5 September 2014, Universita Cattolica, Italy.
- Financial Intermediation Network of European Studies (FINEST), 2 July 2014, London.
- EMG-ECB 4th Emerging Markets Group Conference 8-9 May 2014, London.
- Finance Research Days 2013, Cass Business School.

"*Bank organizational structure and institutions*"

- Finance Research Days 2015, Cass Business School

"*Mobile money and traditional banking*"

**- Грантови и меѓународни признанија**

Кандидатот е добитник на неколку престижни стипендии и признанија:
City University London Doctoral Studentship, Cass Business School, UK (2011-2015)

Chevening Scholarship, University of Edinburgh Business School, UK (2010/2011)

Best of South East Scholarship, University of Graz, Austria (2009/2010)

Fulbright Student Scholarship, Johns Hopkins University, USA (2008/2009)

Student of the Generation, graduating with the highest GPA, South East European University, Macedonia (Graduation Ceremony, 2007)

German Academic Exchange Service (DAAD) Fellowship, to outstanding students of South East European University. (2004 - 2006, towards tuition fees)

U.S. Department of State & Open Society Institute sponsorship, Southeast European Youth Leadership Institute, Towson University, Baltimore, MD, USA (July 2001)

**- Доказ за обуки по методологија и педагогија** вклучувајќи ги сертификати или доказите за успешно завршување на курсевите, програмите или обуките за наставници или научни публикации во оваа област:

Panel Data Analysis using Stata delivered by Arnab Bhattacharjee, Timberlake Consultants (London,June 2014)

Econometrics using Stata delivered by Christopher F. Baum, Timberlake Consultants (London, September, 2013)

Introductory Certificate in Academic Practice - Associate Fellow of The Higher Education Academy,(London 2013)

Post-Graduate Certificate in Financial Management, Johns Hopkins University (Washington DC, 2008-2009) (GPA 3.96/4.00)

**- Познавање на странски јазици**
Албански (мајчин), Македонски (напредно), Англиски(напредно), Германски(средно)

## Мислење и проценка

Рецензиската комисија по деталниот преглед на поднесените материјали и докумети на кандидатите, оцени дека кандидатот Др. Зана Беќири Љума ги исполнува сите услови да биде назначен во наставно-научното звање Доцент во областа на ЕКОНОМЕТРИЈА (50322) и БАНКАРСТВО (50321) во Универзитетот „Мајка Тереза„ во Скопје.

## Предлог

Врз основа на горенаведенитеподатоци, рецензиската комисија назначена од наставно-научниот совет на Факултетот за технички науки на Универзитетот „Мајка Тереза„ во Скопје констатира дека Д-р Зана Беќири Љума:

1. Ги исполнува сите предвидени услови согласно Законот за Високо Образованиеи Статутот на Универзитетот „Мајка Тереза„ во Скопје за избор во звање согласно објавениот конкурс.
2. Ги заврши магистерските и докторските студии во реномирни универзитети рангирани во првите 100 најдобри светски универзитети според листата од Институтот за високо образование при Шангајскиот Џио Тонг Универзитет, US News & World Report и Times Higher Education Supplement – World University Ranking.
3. Во истите универзитети се стекна со наставно-образовно искуство предавајќи стручни предемти во првиот циклус на студии. Воедно е соработник на високо-образовната академија во Лондон.
4. Има воспоставено научно-истражувачка соработка со врвни ко-автори од областа на Економетрија и Банкарство како и со повеќе научни институции од Македонија, Австрија, Велика Британија и Соединетите Американски Држави.

5. Резултатите од нејзината истражувачка работа во текот на докторските студии покажуваат дека кандидатот применувал врвни економетриски методи. Во овој поглед кандидатот следел обуки од економетрија и анализа на податоци во Лондон.
6. Како добитник на престижни стипендии (Fulbright, Chevening, Best of South East, итн.) има докажано потенцијал за повлекување на странски фондови и меѓународни грантови.

Горенаведените факти се потврда дека кандидатот Д-р Зана Беќири Љума успешно го оформува својот професионален профил. Јасно е видлива нејзината стручна работа во областа на Економетрија и Банкарство. Истотака, кандидатот покажува волја за тимска работа и човечка комуникација.

Рецензиската комисија, по разгледувањето на презентираните податоци, има задоволство да даде**ПРЕДЛОГ** до советот, да кандидатот Зана Беќири Љума, Доктор на науки од областа на финансии, биде назначен **Доцент** во областа на ЕКОНОМЕТРИЈА (50322) и БАНКАРСТВО (50321) во Факутетот за технички науки во Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје.

## РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. **Д-р Бесник Фетаи**, вонреден професор, ЈИЕУ, **претседател**,

--------------------------------------------------------------------------------

2. **Д-р Мирољуб Шукаров**, редовен професор, ЈИЕУ **член**,

--------------------------------------------------------------------------------

3. **Д-р Неритан Туркеши**,доцент, УМТ, **член.**

--------------------------------------------------------------------------------

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО – НАУЧНО ЗВАЊЕ ВО НАСТАВНО – НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПЛАНИРАЊЕ (21101), АВТОМАТИКА (21422) И РЕГУЛАЦИОНА ТЕХНИКА (21423) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТЕХНИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „МАЈКА ТЕРЕЗА“ ВО СКОПЈЕ

Со Одлуката бр. 21-483/1 на Наставно – научниот совет на Факултетот за Технички науки, Универзитет „Мајка Тереза“ – Скопје, на седницата одржана на 24.11.2017 година, а во врска со распишаниот Конкурс за избор на наставници во сите наставно – научни звања и асистенти – докторанди, објавен во медиумските информативни гласила: **Нова Македонија, Коха** и на web - страницата на Универзитетот: www.unt.edu.mkна ден 15.11.2017 година,се формира Рецензентска комисија за избор на наставник во наставно – научно звање во наставно – научната област *ПЛАНИРАЊЕ (21101), АВТОМАТИКА (21422) И РЕГУЛАЦИОНА ТЕХНИКА (21423)* (од Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Фраскатиева класификација) во состав:

1. **Д-р Агни Дика**, редовен професор **претседател**,
2. **Д-р Марија Кацарска**, редовен професор **член**,
3. **Д-р Лидија Горачинова**, редовен професор, **член**

На објавениот конкурс за избор на еден наставник во наставно – научната област *ПЛАНИРАЊЕ (21101), АВТОМАТИКА (21422) И РЕГУЛАЦИОНА ТЕХНИКА (21423)* се пријавија кандидатите:

- д-р Солза Грчева
- д-р Весна Антоска
- д-р Зоран Гацовски

Врз основа на Одлуката и на прегледот на доставените материјали, а во согласност со чл. 132 од Законот за високо образование, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**А. Извештај за избор на еден наставник во областа ПЛАНИРАЊЕ (21101), АВТОМАТИКА (21422) И РЕГУЛАЦИОНА ТЕХНИКА (21423).**

**А.1. д-р Солза Грчева**
**Биографски податоци**
Родена е на 4.8.1954 година во Штип. Основното и средното образование ги завршила во Скопје со одличен успех. Повеќе пати освојувала градски, републички и една државна награда.
Дипломирала на Електротехничкиот факултет во Скопје во 1979 година, меѓу првите во својата генерација, на насоката за електроника. Со тоа се здобила со титула дипломиран инженер по електротехника.
Магистрирала на Електротехничкиот факултет во Загреб, 1985. Изработила магистерски труд со наслов "Анализа и моделирање на локална компјутерска мрежа – Етернет", под менторство на Проф. д-р Иван Турк, со што се стекнала со академски степен Магистер по компјутерски науки.
Докторирала на Природно-матеметички факултет во Скопје, Институт за Информатика, 2002 година, со теза под наслов "Оценка на зрелост на софтверски процеси, методи за развој и подобрување", под менторство на Проф. д-р Драган Николиќ. Се стекнала со академски степен Доктор на информатички науки.

**Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот релевантни за актуелниот избор**

**Работно искуство во областа на информатика и технички науки**

Од 1979 до 1985 година била вработена како систем инженер и раководител на компјутерскиот центар на Градежниот факултет во Скопје, каде изработувала софтвер, го одржувала оперативниот систем и раководела со работата на центарот.

Од 1985 до 1990 година била Раководител на Образовниот Центар на Искра Делта, Љубљана, Република Словенија и инструктор за компјутерски оперативни системи. Образовниот Центар на Искра-Делта (лиценциран од корпорацијата Digital), беше дизајниран како југословенски центар за специјализирана обука на професионални информатички кадри. Била одговорна за процесот на обука, програмите, квалитетот и севкупното управување со Центарот. Одржала голем број на специјалистички семинари и курсеви, најголем број од системското инженерство, програмските јазици и оперативните системи. Била еден од неколкуте инструктори на југословенско ниво, која одржувала и курсеви на англиски јазик за странски групи. Во 1987 год. е прогласена за најдобар инструктор на Искра-Делта. Дизајнирала нови семинари, работела на проекти и напишала интерни книги и скрипти.

Од 1990 до 2001 година била Директор на Центарот за Информациони Системи во ОХИС, Скопје, каде работела до 2001 година. Била одговорна за севкупното управување со

човечки, технички и други ресурси во овој компјутерски центар, еден од најразвиените и најголемите во Р. Македонија. Водела и учествувала во голем број информатички проекти, некои од нив спонзорирани од интернационални институции. Вовела модерни методи во управувањето со проектите, работела на воведување на стандарди на квалитет во информационите системи. Имплементирала бројни нови технички решенија, одржувала предавања, презентации и учествувала на конференции.

*Од 2001 до 2002 година била Раководител за донации во USAID, програма EcoLinks, каде била одговорна за селекција, евалуација, следење на имплементацијата и за финансирање на голем број меѓународни проекти.*

**Работно искуство на Универзитет**

*Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје*

Во 2002 година д-р Солза Грчева е избрана за доцент на Педагошкиот факултет во Штип во научно-наставната област информатика. Во 2006 година избрана е за вонреден професор во истата научно-наставната област. Од 2004 до 2007 била Продекан за наука и меѓународни односи. Од 2004 член е на Комисијата за информатичка технологија при Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

*Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип*

Во 2007 година преоѓа како вонреден професор на Факултетот за информатика во научно-наставната област софтверско инженерство. Од 2007 до 2009 година е Проректор за меѓународна соработка. Од 2007 година предава предмети од областа на информатика и на Економскиот факултет, како и на Педагошкиот факултет. Од 2007 е раководител на Универзитетскиот центар за електронско учење. Покрај тоа од 2008 година е раководител и на Универзитетскиот центар за квалитет на образование. Како Проректор за меѓународна соработка ги водела активностите за воспоставување и потпишување на договори за соработка со над 30 европски универзитети. Во 2008 година учествувала со излагање на Дунавската ректорска конференција.

*ФОН Универзитетот*

Во 2009 година примена е на ФОН Универзитетот, Факултет за Информациско комуникациски технологии, како вонреден професор. Држи настава во наставно научната област софтверско инженерство и тоа на први втор циклус на студии. Во март 2010 избрана е за Претседател на комисијата за самоевалвација на Универзитетот, а во јуни истата година за Претседател на телото за имплементација на ЕКТС. Од 1.11.2010 избрана е за Декан на Факултетот за Информациско комуникациски технологии.

Во 2014, и во 2017, зимски семестар држи настава како хонорарен професор на мастер студии при Универзитетот на Југоисточна Европа.

**Наставна дејност**

Проф. Солза Грчева одржувала настава на следните предмети:

- На Факултет за Информатика (УГД): Софтверски процеси; Архитектура на компјутерски системи; Анализа на системски барања; Бази на податоци; Оперативни системи
- На Економски факултет (УГД): Е-Бизнис;
- На Педагошки факултет (УКИМ): ИКТ во образование; Основи на Информатика 1 и 2
- На Факултет за Информациско комуникациски технологии (ФОН Универзитет): Проектен менаџмент, Дизајн и тестирање на софтвер, Верификација и валидација на софтвер, Дигитален пренос на информации, Менаџмент на информациони системи, Проектирање на информациони системи со CASE технологии, Кориснички интерфејси, WAN мрежи, Е-Општество, Применета информатика, Квалитет на софтвер со управување со ризици..
- На Универзитетот на Југоисточна Европа, како хонорарен професор по група предмети од софтверско инженерство

Напишала еден универзитетски учебник и бројни учебни помагала. Проф. Солза Грчева засновала нов студиски модул на педагошкиот факултет за ИКТ во образование. На Факултетот за информатика засновала студиски модул за софтверско инженерство за студии во прв и втор циклус. Била ментор на голем број дипломски, магистерски работи и коментор на докторска работа. Проф. Солза Грчева ги основала: Лабораторијата и нагледната училницата за употреба на ИКТ во образовниот процес на УГД, Универзитетскиот центар за електронско учење и Универзитетскиот центар за квалитет на образование. Била носител на активностите од програмата Еразмус, при што изработила апликација за која е одобрен чартер во 2009 година.

На ФОН Универзитетот, како член на Комисија за изработка на нови студиски програми, изработила студиски програми за прв и втор циклус на студии на факултетот. Исто така дизајнирала и заедно со работен тим изработила елаборат за нова насока, Бизнис информатика.

На ФОН Универзитетот раководела со група студенти кои конкурирале за најдобро софтверско решение за Светска Банка. Во огромна меѓународна конкуренција, групата освои прва награда.

**<u>Публикувани трудови</u>**

*Универзитетски учебник*

**С. Грчева,** *“Основни информатички технологии во наставата“,* УКИМ, Скопје, 2006.

*Трудови во меѓународни списанија со импакт фактор*

1. Vesna Arnautovski-Toseva, Khalil El Khamlichi Drissi, Kamal Kerroum, **Solza Grceva**, Leonid Grcev,“ *Comparison of Image and Transmission Line Models of Energized Horizontal Wire Above Two-Layer Soil*“, **Automatica,**Journal for Control, Measurement, Electronics, Computing and Communications, Volume 53, No. 1, January-April 2012
2. Л. Грчев, **С. Грчева,** *“On the High-Frequency Circuit Models of Horizontal Grounding Electrodes”,* **IEEE Transactions on Electromagnetic Compatibility**, vol. 51, no. 3, pp. 873-875, August 2009.

3. Л. Грчев, **С. Грчева,** *"On the Comparison between Exact and Quasi-Static Methods for HF Analysis of Horizontal Buried Wires",* **IEEE Transactions on Electromagnetic Compatibility,** vol. 51, no. 4, pp. 1051-1054, Novembar 2009.
4. **С.Грчева**, "*Software Process Self-Assessment Methodology",***Technics Technologies Education Management (TTEM)**, Vol. 7, No.1, 2012

*Трудови во национални списанија*

